***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

***ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

***И З В Е Ш Т А Ј***

*ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА*

---

**Skopje, mart 2010 godina**

# В О В Е Д

Обврската за изготвување на годишен извештај за работа на јавните обвинителства произлегува од одредбите на чл.23 и 24 од Законот за јавно обвинителство, така што секое јавно обвинителство изготвува извештај за својата работа, кој што го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство.

Согласно чл.23 ст.3 од Законот за јавно обвинителство, Јавното обвинителство на Република Македонија изготвува единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства, а според чл.24 од истиот закон Јавниот обвинител на Република Македонија, годишниот извештај за работа на јавните обвинителства и за состојбата со криминалитетот во Република Македонија го поднесува до Собранието на Република Македонија.

Извештајот, Јавниот обвинител на Република Македонија го доставува на разгледување на Советот на јавни обвинители а за запознавање го доставува и до Владата на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија и Министерството за правда.

Функцијата и позицијата на Јавното обвинителство во правниот систем и определувањето на надлежностите и организацијата се заснова на одредбите од чл.106 од Уставот на Република Македонија, одредбите од Законот за јавно обвинителство[1] , Законот за кривична постапка како и други закони по кои постапува. Уставната положба на Јавното обвинителство е определена како единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела а врши и други работи утврдени со закон.

Во функција на зајакнување на позицијата на Јавниот обвинител за поефикасно и поуспешно работење и остварување на поефикасна борба против организираниот криминал, корупцијата  и другите тешки кривични дела, во декември 2007 година беа донесени Законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавните обвинители на РМ, кои што во текот на 2008 година започнаа да се имплементираат, а такви активности продолжија и во текот на 2009 година.

Јавното обвинителство согласно законот е организирано според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавно обвинителство на Република Македонија, виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основни јавни обвинителства.

[1] Сл.Весник на РМ бр.150/2007

Со новиот Закон за јавно обвинителство, покрај вишите јавни обвинителства во Битола, Скопје и Штип, основано е и Вишото јавно обвинителство во Гостивар, за подрачјето на Апелациониот суд во Гостивар. Со овој Закон, Одделението за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција основано според поранешниот Закон за јавно обвинителство од 2004 година во рамките на Јавното обвинителство на Република Македонија, прерасна во посебно обвинителство, како Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, основано за целата територија на Република Македонија, со седиште во Скопје.

Јавно-обвинителската функција се извршува така што основните јавни обвинителства постапуваат пред основните судови, вишите јавни обвинителства, пред апелационите судови и Јавното обвинителство на Република Македонија пред Врховниот суд на Република Македонија.

Како што и погоре е истакнато во текот на 2009 година, продолжија активностите за имплементација и на Законот за Советот на јавни обвинители со кои се очекува да се зајакне самостојноста на јавните обвинители во извршување на нивната основна функција на гонење на сторителите на кривични дела.

Во текот на 2009 година решено е прашањето за сместување на Советот на јавни обвинители во нови простории. Извештајната 2009 година е посебно карактеристична по тоа што на околу 80% од јавните обвинители и заменици јавни обвинители, именувани согласно Законот за јавно обвинителство од 1996 година им истекуваше мандатот од 6 години. Советот на јавни обвинители согласно чл.94 од Законот за јавно обвинителство подоставените барања за трансформација односно избор за јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот, 120 јавни обвинители а за 13 констатира дека функцијата им престанува.

За одбележување е и тоа дека во текот на 2009 година беа донесени законите за плати на јавните обвинители и на Советот на јавни обвинители со што се изврши усогласување на платите соодветно на платите на судиите.

Изминатата 2009 година, Јавното обвинителство како државен орган надлежен за гонење на сторители на кривични дела кои се гонат по службена должност, својата функција ја вршеше во време на многубројни активности поврзани со реформите на казнено - правниот систем, како приоритетна задача на државата за создавање на поефикасен казнен систем и за зајакнување на принципот на владеење на правото. Реализирајќи ги ваквите активности јавните обвинителства од сите нивоа, покрај предметната работа, беа вклучени во разни органи и тела при изготвување и разлгедување, давање на предлози и мислења на повеќе закони од областа на казненото право, посебно кога станува збор за Законот за кривичната постапка, измените и дополнувањата на Кривичниот законик и др.

Во текот на извештајната 2009 година, посебно внимание беше посветено на едукацијата и другите облици на стручно усовршување на јавните обвинители, преку нивно учество во разни органи и тела на Академијата за обука на судии и обвинители, како едукатори, ментори, членови на Програмскиот совет и биле вклучени во процесот на континуирана едукација, учество на разни семинари, предавања, тркалезни маси организирани првенствено од страна на Академијата за обука на судии и обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на јавни обвинители и други органи и здруженија.

Заради обезбедување на принципот на законитост во судските постапки по правосилни одлуки во кривичната постапка и на единствена примена на законот, во ЗКП предвиден е институтот Барање за заштита на законитост, како вонредно правно средство кое е исклучиво во надлежност само на Јавниот обвинител на Република Македонија. Барањето за заштита на законитост Јавниот обвинител на Република Македонија го поднесува до Врховниот суд, по своја иницијатива или по иницијатива на пониските обвинители, на осудениот и на било која странка или лице. Овој институт е предвиден и во Законот за прекршоци.

Во рамките на своите овластувања Јавното обвинителство на Република Македонија вонредни правни средства може да вложи и во граѓански постапки. Согласно преодните и завршните одредби од новиот Закон за парнична постапка, кој стапи во сила од 27.12.2005 година, овој вонреден правен лек е укинат односно повеќе не постои, потоа во управни постапки и во постапка по управни спорови.

Исто така, Јавното обвинителство на Република Македонија постапувало и по други вонредни правни лекови, кои можат да ги поднесат странките односно осудените и тоа по поднесени барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и барања за вонредно ублажување на казната, со давање на одговор односно предлог до Врховниот суд на Република Македонија.

Севкупната работа на Јавното обвинителство во извештајната година ќе биде прикажана сумарно и врз основа на писмените извештаи на вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар за 2009 година.

Јавно обвинителската функција се презентира со аналитичка оценка за сите видови постапувања поткрепени со статистички прегледи и показатели и со заклучни согледувања и предлог мерки за надминување на постојните состојби[2]

## *I. ФУНКЦИЈА НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ*

[2] Во статистичките податоци и прегледи не се дадени и податоците за бројот на предметите и работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, чиј обем на работа и постапување ќе биде прикажан во посебна глава од извештајот.

## 1. Обем на работа на основните јавни обвинителства

Основните јавни обвинителства во текот на 2009 година постапувале по примени кривични пријави за кривични дела сторени од 20.185 полнолетни сторители, потоа спрема 2.404 малолетни сторители, како и против 14.603 непознати сторители.

Од ова произлегува дека во 2009 година, новопримени се кривични пријави против вкупно 37.192 сторители на кривични дела, што пак во однос на претходната 2008 година, претставува намалување за 1,2%. Инаку, намалување на пријавените сторители е присутно кај малолетните и непознатите сторители, а кај полнолетните лица се за 4,39% е зголемен бројот на кривични пријави.

Застапеноста на овие три категории на сторители на кривични дела во однос на претходните години - 2007 и 2008 може да се следи од следниот табеларен преглед:

| Сторители | 2007 | 2008 | 2009 | бројка | процент |
|---|---|---|---|---|---|
| Полнолетни | 20.472 | 19.298 | 20.185 | +887 | + 4,39% |
| Малолетници | 2.195 | 2.478 | 2.404 | - 74 | - 3% |
| Непознати | 13.004 | 15.801 | 14.603 | -1198 | - 8,02% |
| Вкупно: | 35.671 | 37.577 | 37.192 | -385 | - 1,02% |

# А. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ

## 1. Обем на примени кривични пријави

Бројот на новопримените кривични пријави против полнолетни сторители на кривични дела во текот на 2009 година изнесува 20.185 пријавени лица и тоа во однос на 2008 година претставува зголемување за 887 лица или за 4,39%.

Во текот на годината јавните обвинителства покрај новопријавените лица постапувале и по кривични пријави од претходната година против 6.296 пријавени сторители на кривични дела, што во вкупен обем значи дека постапувале по кривични пријави против 26.481 сторители на кривични дела.

Заедно со приливот на кривичните пријави на подрачјата на четирите виши јавни обвинителства, во однос на претходните години состојбата е следна:

| Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства | 2007 | 2008 | 2009 | |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 18.144 | 18.520 | 15.993 | - 2.527 |
| **Битола** | 3.985 | 3843 | 4119 | +276 |
| **Штип** | 3.369 | 3103 | 3354 | -251 |
| **Гостивар** | - | - | 3.015 | - |
| **Вкупно** | 25.498 | 25.466 | 26.481 | 1015 |

Од изнесениот преглед произлегува дека на подрачјата на Вишото јавно обвинителство Скопје бројот на полнолетните лица по кои е постапувано е намален за 2.527 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип е намален за 251 лица, а на подрачјето на Вишото јавно обвинтиелство Битола зголемен за 276 лица. На подрачјето на Вишото јавно ообвинителство Гостивар било постапувано против 3.015 лица, па поради тоа има намалување на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје.

**2.Подносители на кривични пријави**

Структурата на подносителите на кривичните пријави во 2009 година покажува незнатни осцилации во однос на претходната година. Најголема застапеност природно има Министерството за внатрешни работи со 66,41% поднесени кривични пријави, потоа следуваат кривичните пријави поднесени од граѓани со 14,52%, оштетените правни лица во поднесените кривични пријави учествуваат со 5,88%, државните органи со 8%, јавните обвинителства со 2,94% во вкупната структура на подносителите на кривични пријави, а сите други со 2,25%.

Карактеристично е дека на ниво на четирите виши јавни обвинителства Министерството за внатрешни работи учествува со највисок процент на територијата на Вишото јавно обвинителство Скопје 73,95%, потоа на територијата на Вишото јавно обвинителство Битола со 56%, на територијата на Вишото јавно обвинителство Штип со 67,1% и на територијата на Вишото јавно обвинителство Гостивар со 67,78%. Во однос на извештајната година Министерството за внатрешни работи поднело скоро идентичен број кривични пријави како и во претходната година.

**3. Постапување по кривични пријави**

**а) Обем и ажурност**

Наведовме дека во годината предмет на овој извештај основните јавни обвинителства во работа имале вкупно кривични пријави против 26.481 пријавени лица, а од овој број решени се пријави против 19.152 лица или 72,3 %. Процентуално во однос на претходната година соодносот е речиси идентичен, или за 3% помалку од претходната 2008 година.

На крајот на годината останале нерешени кривични пријави против 7.329 лица или 27,7%, од сите пријавени лица кои биле во работа, што пак претставува зголемување за 3% во однос на претходната година. Нерешените кривични пријави во јавното обвинителство се кривични пријави кои се доставени до други органи, бидејќи од наводите во истите јавниот обвинител немал доволно основ на сомнение за да покрене постапка пред надлежниот суд. Најчесто тие се упатени на проверка до МВР или други државни органи. Во Јавно обвинителство останале нерешени кривични пријави само против 98 лица.




Процентот на нерешените кривични пријави на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје изнесува 36,32%, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола 11,3% на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип 11,7% и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар 21,92%.

Ако се има во вид дека како подносители на кривични пријави во процентуален однос од 66,41% се јавува Министерството за внатрешни работи, а 33,59% се другите органи и граѓани, реално се поставува потребата од проверување на самите наводи во пријавата, преку соработка со органите за проверување на наводите во пријавата. Јавното обвинителство постојано упатува на можноста, таму каде што постои и најмала шанса проверките да се вршат непосредно за да би се намалило времетраењето на прибирањето на податоците, таквата можност да се користи. Меѓутоа, не секогаш и не за сите кривични дела е можно непосредно проверување, бидејќи тоа е детерминирано и од самата структура на криминалот, од стручноста на подносителите и можноста тие да ги презентираат вистинските докази.

Во 2009 година поднесени се барања за собирање потребни известувања против 4.473 лица и предлози за превземање на определени истражни дејствија против 3.807 лица, за да на крајот на годината, како што веќе истакнавме, кај други органите останале нерешени пријави против 7.329 лица. Зголемувањето на поднесените барања е поголемо од претходната година, па во вкупната бројка на нерешени пријави постои зголемување за 1.030 лица.

Оваа состојба е најприсутна на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, во кое на крајот на извештајната година кај други органи останале нерешени кривични пријави против 5.805 лица. Само во Основното јавно обвинителство Скопје останале нерешени кривични пријави против 5.173 лица. (Основното јавно обвинителство Скопје постапувало вкупно против 11.777 лица, а во претходната година постапувало вкупно против 11.197 лица).

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола останале нерешени кривични пријави кај други органи против 385 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип против 394 лица, а на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар останале нерешени кривични пријави против 644. лица. Оваа тенденција во Основното јавно обвинителство Скопје има свое реално објаснување не само заради бројот на пријавени лица, ами и заради сложеноста и структурата на пријавените кривични дела, пријавителите и објективните причини поради кои често судот е спречен ажурно да постапува по бараните истражни дејствија.

**б) Барања за собирања на потребни известувања**

Во претходна постапка постапувајки по кривичните пријави, Јавниот обвинител го користи институтот Барање за собирање на потребни известувања, предвиден во чл.144 ст.2 и ст.3 од Законот за кривичната постапка. Основните јавни обвинителства со овој институт бараат од Министерството за внатрешни работи, другите органи и институции, или пак самите основни јавни обвинителства непосредно се ангажираат да се соберат потребните известувања, податоци или да се преземат други мерки заради откривање на кривичното дело и сторителот.

Основните јавни обвинителства во текот на 2009 година поднеле барања за собирања потребни известувања против 4.473 пријавени лица. Во однос на претходната година овој број е зголемен за 295 пријавени лица.

Наша оценка е дека овластувањата дадени од чл.144 ст.4, 5 и 6 од ЗКП, во поглед на можноста за самостојни проверки на податоците императивно е потребно јавните обвинители да ги користат во полн капацитет во секој поединечно можен случај.

**в) Предлози за преземање на определени**

**истражни дејствија**

Основните јавни обвинителства институтот Предлози за превземање на определени истражни дејствија предвиден во чл.418 од ЗКП, во извештајниот период го користеле постапувајки по кривични пријави против 3.807 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје овој институт најмногу е користен, и тоа против 2.688 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола против 603 лица на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип само против 175 лица а во Вишото јавно обвинителство Гостивар против 341 лице.

Примената на овој институт покрај Вишото јавно обвинителство Скопје и оваа година има тенденција на зголемување, и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола , а во Штип има зголемување за 16 лица. Имајќи ги во вид кривичните дела кај кој се користи овој институт - предвидена казна затвор до три години, апсолутно е нужно при определувањето на неговото користење да се води сметка за обемот со кој се определуваат таквите дејствија, нивната строга рационализација и постојаност во контролирање на постапката , заради кратките рокови на застареност. Исто така, јавните обвинители мораат да ја зајакнат сопствената истражувачка функција и можноста од индивидуално постапување, без вклучување на истражниот судија.

**4. Одлуки по кривични пријави**

**а) Број и структура**

Основните јавни обвинителства постапувале по кривични пријави против вкупно 26.481 полнолетни лица, од кои против 20.185 лица пријавите биле примени во текот на годината, а против 6.290 лица пријавите биле поднесени во претходните години.

Во текот на годината основните јавни обвинителства решиле пријави против 19.152 лица или 72,3%. Нерешени останале пријави против 7.329 лица или 27,7%.

Структурата на одлуките кои се донесени од основните јавни обвинителства покажува дека:

1) Отфрлени се кривични пријави против 4.765 лице или 24,8% од пријавените лица, кој е идентичен со претходната година;

2) Со поднесени обвинителни предлози постапено е по пријави против 7.045 пријавени лица или 36,78%;

3) Поднесени се непосредни обвинителни акти против 361 лица или 1,8%;

4) Против 6.509 лица или 33,98% од пријавените лица до истражните судии поднесени се барања за спроведување истраги.

5) Пријави решени на друг начин се против 472 лица или 2,64%.




**б) Отфрлени кривични пријави**

Од вкупниот број на решените кривични пријави во извештајната година отфрлени се кривични пријави против 4.765 лица или 24,8%.

Основите за отфрлање на кривичните пријави се идентични како и во претходните години. Најголем број пријави се отфрлени заради тоа што пријавените дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност и заради непостоење основи на сомнение дека пријавеното лице е сторител на кривично дело.

Основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје имаат отфрлено кривични пријави против 2.390 лице што е 25,64% од вкупно решените пријави по пријавени лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола отфрлени се кривични пријави против 1.125 лица, што е 30,8% од вкупниот број на решени кривични пријави по лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип отфрлени се кривични пријави против 675 лица што е 22,8% од вкупниот број на решените кривични пријави по лица а на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар отфрлени се кривични пријави против 575 лица.

Во основните јавни обвинителства најголем број на отфрлени кривични пријави има во Основното јавно обвинителство Кичево 38,48%, Основното јавно обвинителство Штип 31,3%, Основното јавно обвинителство Ресен 42,5%, Основно јавно обвинителство Битола 37,4% и Основното јавно обвинителство Струга 31,9%.

**в) Поднесени барања за спроведување истрага**

Основните јавни обвинителства до истражните судии поднеле барања за спроведување истрага против 6.509 лица, или 33,9% од решените пријави по лица. Во споредба со претходната година поднесени се барања за спроведување истрага повеќе за 229 лица.

Истражните судии во 2009 година во работа имале вкупно истраги против 12.513 лица, спрема 12.352 лица колку што имале во работа во претходната година.

Постапувајки по барањата истражните судии спровеле истраги против 6.738 лица или 53,8% од вкупниот број на истраги во работа. На крајот на годината останале нерешени истраги против 5.775 лица или 46,2%.

**г) Учество во истрагата**

Основните јавни обвинителства учествувале во истрага при распит на обвинети лица и сведоци за 4.811 лица.

При увиди и вештачења јавните обвинители имале учество во 718 случаи.

**д) Примена на мерката притвор**

Мерката притвор во 2009 година има тенденција на смалување која е присутна во континуитет. Таа била одредена против 680 лица, спрема 736 лица колку што била определена во 2008 година. За времетраење на притворот даваме еден објективизиран податок, а во пристапот кон времетраењето тој најчесто е определуван до 30 дена, во помал број до 60, 90 и преку 90 дена. Ова е условено од последните измени на Законот за кривична постапка според кои притворот е врзан со висината на определената казна за поодделни кривични дела.

Во однос на структурата на кривични дела мерката притвор во најголем број на случаи е одредувана за кривични дела против имотот, на сите три подрачја; потоа следи главата во која се определени кривичните дела против животот и телото, против здравјето на луѓето, против правниот сообраќај, и останатите кривични дела зависно од стуктурата на криминалот во одделните региони.

Најчесто како основ за мерката притвор е притворот определен по чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП што упатува на заклучок дека ниту судот ниту

јавните обвинители имале рестриктивен однос кон секоја точка одделно и дека станува збор за формализирање на основите без во секој случај да се има релевантни податоци од кои произлегува дека, секој основ е во склад со однесувањето на  сторителот и податоци за неговата личност.

**5) Одлуки по спроведена истрага**

| **Вишо јавно обвинителство** | **Изјави за откажување од гонење** | **Прекратени** | **Решени на друг начин** |
|---|---|---|---|
| Скопје | 479 | 163 | 42 |
| Битола | 218 | 1 | 10 |
| Штип | 145 | 3 | 7 |
| Гостивар | 74 | 4 | 16 |
| **ВКУПНО:** | **916** | **171** | **75** |

Од горното произлегува дека против 5.576 лица или 82,75% поднесени се об винители акти по спроведена истрага а 14% од решените истраги завршиле со изјави за откажување од гонење од страна на Јавниот обвинител.

**6) О б в и н е н и ј а**

Во 2009 година јавните обвинителства поднесле обвиненија против 12.982 лице, што е за 69 лица повеќе отколку во претходната година.

Од вкупниот број на поднесените обвиненија,  против 7.045 лица се поднесени обвиненија во скратена постапка -  со обвинителен предлог, против 361 лица се поднесени непосредни обвиненија и против 5.576 лица се поднесени обвинителни акти по спроведени истраги.

**а) Одлуки на судот по поднесените обвиненија**

Во 2009 година Основните судови донеле пресуди против 12.775 лица, спрема 12.885  во 2008 година.

**Според видот на пресудите, состојбата е следната:**

| Вид на пресуди | Број на лица | Процент |
|---|---|---|
| осудителни пресуди | 11.142 | 91 % |
| ослободителни пресуди | 360 | 2,8 % |
| одбивателни пресуди | 504 | 3,9 % |
| запирање по предавање на обвинителниот акт на судот и по повлечено обвинение | 272 | 2,3 % |




Од осудителните пресуди донесени против 11.142 лица, судовите изрекле условни осуди против 5.351 лица или 48%, парични казни против 2797 лица или 25,1%. Затворските казни се изречени спрема 2827 лица или 25,3%. Судски опомени се изречени за 167 лица или изразени во проценти 1,6%.




Од судовите на крајот на извештајната година, останале непресудени обвиненија против 12.398 лица - спрема 11.592 лица од

претходната година, или бројот на непресудените обвиненија е зголемен за 806 лица.

## *Б. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД МАЛОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ*

### 1. Примени кривични пријави

Во 2009 година примени се пријави спрема 2.404 малолетници од кои 152 се деца на возраст до 14 години.

Кривичните пријави се решени на тој начин што спрема 757 малолетници или 31,5% пријавите се отфрлени, спрема 1.455 малолетници или 62,5% ставени се барања за поведување на подготвителна постапка и спрема 142 малолетници или спрема 6% пријавите се решени на друг начин.

Бројот на отфрлени кривични пријави се должи на фактот дека спрема пријавените малолетници - деца не можат да се применат кривични санкции. Така, во текот на годината биле примени пријави спрема 152 деца што претставува 20% од вкупниот број на отфрлените кривични пријави.

Спрема 365 малолетници, кривичните пријави се отфрлени со примена на начелото на опортунитет и од други причини.

### 2. Подготвителна постапка

Од вкупно 2404 пријавени малолетници, спрема 1455 малолетници се поднесени барања за поведување на подготвителна постапка. Во однос на 2008 година се поднесени помалку барања спрема 274 малолетници.

Заедно со нерешените подготвителни постапки од претходните години и примените во текот на годината, судиите за малолетници имале за решавање подготвителни постапки вкупно спрема 2550 малолетници.

По завршените подготвителни постапки од страна на јавните обвинителства се поднесени предлози за изрекување воспитни мерки спрема 1.342 малолетници, предлози за казнување спрема 11 малолетници, спрема 335 малолетници се поднесени предлози за запирање на постапката, спрема 26 малолетници постапката била решена на друг начин и спрема 67 малолетници подготвителната постапка е прекратена.

На крајот на 2009 година останале нерешени подготвителни постапки спрема 778 малолетници, што во однос на 2008 година бележи намалување за 310 малолетници.

**3. Предлози за примена на воспитни мерки и за казнување**

По завршените подготвителни постапки поднесени се предлози за изрекување на воспитни мерки спрема 1342 малолетници, а спрема 11 малолетници предлози за казнување. Во вкупниот обем на пријавените лица во 2009 година (полнолетни 20.185 и малолетници 2.404), малолетниците учествуваат со 11,9%.

**4. Одлуки на судот и жалби на јавните обвинители**

Во извештајниот период судиите за малолетници имаат донесено одлуки спрема 1515 малолетници.

Од вкупно донесените одлуки спрема 980 малолетници е изречена воспитна мерка, спрема 49 малолетници е изречена заводска мерка, а казнети се 18 малолетници. Јавните обвинители вложиле жалби по судските одлуки донесени спрема 11 малолетници, а пак жалби од малолетниците биле вложени во 17 случаи.

## *В. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ*

Во Јавните обвинителства во извештајната година се примени 14.603 кривични пријави против непознати сторители на кривични дела, што е за 1.198 кривични пријави повеќе од претходната година. По овие кривични пријави јавните обвинителства ставиле 14.559 барања за собирања потребни известувања и откривање на сторителите на кривични дела и по 12 пријави ставиле предлози за преземање на одредени истражни дејствија.

Вкупно во работа јавните обвинители имале 94.949 кривични пријави, од кои 80.346 од претходните години по кои сторителите останале неоткриени и како што истакнавме 14.603 пријави примени во текот на годината. Од нив се отфрлени 6.763 пријави, од кои поради застареност 6.669.

Органите за внатрешни работи во извештајната година откриле сторители по вкупно 1.044 кривични пријави. Во претходната година биле

откриени сторители по 1.071 кривични пријави. Откриени сторители се 321 по пријавите од претходните години по кои сторителите биле неоткриени 723 од пријавите примени во 2009 година. На крајот на извештајната година останале неоткриени сторители по 87.127 кривични пријави.

## *Г. СТРУКТУРА НА КРИВИЧНИ ДЕЛА*

Во овој дел од Извештајот ќе бидат изнесени податоци за движењето на криминалот према структурата на кривичните дела. Посебно ќе биде дадено движењето на криминалот по пооделни глави од **Кривичниот законик** (Сл.весник на РМ бр.37/96), како и пооделни карактеристични кривични дела во 2009 година, со споредување со 2008 година.

Изнесените податоци за структурата на кривичните дела се однесува на примени кривични пријави по лица, поднесени обвиненија и донесени пресуди во извештајната година.

Во текот на 2009 година примени се вкупно кривични пријави против 20.185 лица и заедно со незавршените кривични пријави од поранешни години против 6.296 лица или во извештајниот период било постапувано по вкупно кривични пријави против 26.481 лица. Јавните обвинителства во текот на 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 12.982 лице и тоа по спроведена истрага против 5.576 лица, обвинителни предлози против 7.045 лица и непосредни обвиненија против 361 лица. Судовите во текот на 2009 година донеле првостепени пресуди вкупно према 12.775 лица и тоа осудителни према 10.975 лица, ослободителни према 360 лица, одбивателни према 504 лица, како и изречени се судски опомени за полесни кривични дела према 167 лица.

Заради споредување на податоците за кривичните пријави, поднесени обвиненија и донесени пресуди во 2009 година го даваме следниот преглед:

| **Видови одлуки** | **2007** | **2008** | **2009** | |
|---|---|---|---|---|
| Пријавени лица | -20.472+2.303 | 19.298 - 1.174 | 20.185 | +887 |
| Незавршени кривични пријави | 6.086+1062 | 6.299+213 | 6.296 | -3 |
| Вкупно кривични пријави | 25.408+2465 | 25.466-32 | 26481 | +1015 |
| Поднесени обвиненија по истрага | 4.623+381 | 5.173+550 | 5576 | +403 |
| Непосредни обвиненија | 490-119 | 566-76 | 361 | -205 |
| Обвинителни предлози | 7.706+598 | 7.174-532 | 7045 | -129 |
| Вкупно обвиненија | 12.819+98 | 12.913+94 | 12.982 | + 69 |
| Осудителни пресуди | 11.781+743 | 11.530-251 | 10.975 | -555 |
| Ослободителни пресуди | 320-104 | 377+57 | 360 | -17 |
| Одбивателни пресуди | 533-136 | 491-42 | 504 | +13 |
| Судски опомени | 150-36 | 150- | 167 | +17 |
| Вкупно обвиненија | 12.784+150 | 13.124+340 | 12.775 | -349 |

- Запрени по предавање на обвинителен акт на судот -946 119 185+46 173 - 12
- Запирање на постапката по повлечено обвинение -90 106 152+46 99 - 53

Посебно во овој дел ќе бидат дадени податоци за кривичните дела систематизирани према посебните глави во Кривичниот законик на Република Македонија.

**Глава XIV од КЗ - Кривични дела**
**против животот и телото**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1218 лице и заедно со кривични пријави од поранешен период против 318 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 1536 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 816 лица.

Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 749 лице. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 1.151 лице и незавршени против 323 лице или вкупно против 1.474 лица имаме зголемување за 62 пријавени лица, како и од поранешниот период поднесени обвиненија против 847 лица имаме намалување за 31 лица, а судовите донеле пресуди према 708 лице или помалку за 75 лица.

**Глава XV од КЗ - Кривични дела против слободите и**
**правата на човекот и граѓанинот**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 507 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 125 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 632 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 280 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 251 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 386 лица и незавршени против 96 лица или вкупно против 482 лица имаме зголемување за 150 лица, како и поднесени обвиненија против 224 лица имаме зголемување за 56 лица, а судовите донеле пресуди према 212 лице или има зголемување за 39 лица.

**Глава XVI од КЗ - Кривични дела против**
**изборите и гласањето**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 60 лице и заедно со кривични пријави од поранешен период против 202 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 262 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 59 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 38 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 356 лице и незавршени против 3 лице или вкупно против 359 лица, имаме намалување за 97 лица, како и поднесени обвиненија против 70 лица имаме намалување за 19 лице, а судовите донеле пресуди према 5 лица или повеќе за 33 лица.

**Глава XVII од КЗ - Кривични дела против работните односи**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 114 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 26 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 140 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 23 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 18 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 79 лица и незавршени против 36 лице или вкупно против 115 лица имаме зголемување за 25 лица, како и поднесени обвиненија против 26 лица што значи има намалување за 3 лице, а судовите донеле пресуди према 23 лица има намалување за 5 лица.

**Глава XVIII од КЗ - Кривични дела против честа и угледот**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 14 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 6 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 20 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 2 лице. Судовите во 2009 година не донеле ниту една пресуда. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 18 лица и незавршени против 6 лице или вкупно против 24 лица имаме намалување за 4 лица, како и поднесени обвиненија против 9 лица имаме намалување за 7 лица, а судовите не донеле ниту една пресуда.

**Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 168 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 24 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 192 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 125 лице. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 104 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 153 лица и незавршени против 10 лица или вкупно против 163 лица имаме зголемување за 15 лица, како и поднесени обвиненија против 93 лица имаме зголемување за 32 лице, а судовите донеле пресуди према 120 лица или помалку за 16 лица.

**Глава XX од КЗ Кривични дела против бракот, семејството и младината**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 573 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 130 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 703 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 392 лице. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 331 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 413 лица и незавршени против 124 или вкупно против 537 лица имаме зголемување за 166 лице, како и поднесени обвиненија против 316 лица, имаме зголемување за 76 , а судовите донеле пресуди према 358 лица или помалку за 27 лица.

**Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 630 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 46 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 676 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 433 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 453 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 454 лица, и незавршени против 54 лица или вкупно против 508 лица имаме зголемување за 166 лица, како и поднесени обвиненија против 316 лица имаме зголемување за 76 лица, а судовите донеле пресуди према 363 лица или помалку за 5 лица.

**Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 147 лице и заедно со кривични пријави од поранешен период против 32 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 179 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 78 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 78 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 107 лица и незавршени против 45 лица или вкупно против 164 лица имаме зголемување за 15 лица, како и поднесени обвиненија против 89 лица имаме намалување за 11 лица, а судовите донеле пресуди према 118 лица или помалку за 40 лица.

**Глава XXIII од КЗ - Кривични дела**
**против имотот**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 7.498 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 1.994 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против вкупно 9.492 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 4.962 лица. Во споредба со претходната 2008 година имаме зголемување за 214 лица, како и поднесени обвиненија против 5.332 лица имаме зголемување за 64 лица, а судовите донеле пресуди према 5.348 или помалку за 386 лица.

**Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против**
**споменици на културата, архивскиот материјал**
**и природните реткости**

Во текот на 2009 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 20 лица, и заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 3 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 23 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 11 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 5 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 10 лица и имаме зголемување за 10 лица, како и поднесени обвиненија против 2 лица имаме намалување за 6 лица, а судовите донеле пресуди према 11 лица или помалку за 6 лица.

**Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните**
**финансии, платниот промет и стопанството**

Во текот на 2009 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 764 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 223 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 987 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 503 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 383 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 813 лица и заедно со незавршени против 164 лице или вкупно против 977 лице имаме зголемување за 10 лица, како и поднесени обвиненија против 508 лица имаме намалување за 5 лица, а судовите донеле пресуди према 439 лица или помалку за 56 лица.

**Глава XXVI од КЗ - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

Во текот на 2009 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 280 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 89 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 356 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 178 лице. Судовите во 2008 година донеле првостепени пресуди према 207 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 298 лица и незавршени против 89 лица или вкупно против 387 лица имаме намалување за 31 лице, како и поднесени обвиненија против 214 лица или имаме намалување за 36 лица, а судовите донеле пресуди према 180 лица или повеќе за 27 лица.

**Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 3829 лица и заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 1629 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 5458 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 2.425 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 2.610 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 3.444 лица и заедно со незавршените против 1.834 лица или вкупно против 5.278 лица имаме зголемување за 385 лица, како и поднесени обвиненија против 2.471 лица имаме намалување за 46 лица, а судовите донеле пресуди према 2.709 лица или помалку за 99 лица.

**Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата**

Во 2009 година за овие кривични дела нема примено нови пријави, а 3 кривични пријави од поранешниот период, што значи во извештајниот период е постапено по кривични пријави против вкупно 3 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле едно обвинение. Судовите во 2009 година не донеле ниту една пресуда, а во 2008 година Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле поднесени кривични пријави против 6 лица во 2009 година не е поднесена нова пријава, во споредба со претходната година е забележано намалување за 6 лица. Во текот на 2009 година јавните обвинителства поднеле 1 обвинение што е за 1 лице повеќе во однос на 2008 година.

Судовите во текот на 2009 година не донеле пресуди против ниту едно лице.

**Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 4 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 3 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 7 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 2 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 9. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 6 лица и заедно со незавршените против 7 лица или вкупно против 7 лица имаме ист број на пријавени лица, како и поднесени обвиненија против 2 лица имаме ист број на лица, а судовите донеле пресуди према 6 лица или повеќе за 3 лица.

**Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1.642 лице и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 698 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 2.340 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 478 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 349 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 1.643 лице и заедно со незавршените против 621 лица или вкупно против 2.264 лица имаме зголемување за 76 лица, како и поднесени обвиненија против 406 лица или зголемување за 72 лице, а судовите донеле пресуди према 345 лица што е повеќе за 4 лица.

**Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 524 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 106 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 630 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 206 лице. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 220 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 389 лице и заедно со незавршените против 117 лица или вкупно против 506 лица имаме зголемување за 124 лице, како и поднесени обвиненија против 168 лица или зголемување за 38 лице, а судовите донеле пресуди према 159 лице или повеќе за 61 лица.

**Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1.011 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 369 лице, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 1.380 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 676 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 810 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 1.109 лица и заедно со незавршените против 345 лица или вкупно против 1.454 лица имаме намалување за 74 лица, како и поднесени обвиненија против 802 лица или намалување за 30 лица, а судовите донеле пресуди према 840 лица или помалкиу према 30 лице.

**Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1.052 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 217 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 1.269 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 766 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 956 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 1.010 лица и заедно со незавршените против 170 лица или вкупно 1.180 лица имаме зголемување за 89 лица, како и поднесени обвиненија против 760 лица или зголемување за 6 лица а судовите донеле пресуди према 707 лица или помалку за 249 лице.

**Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела се примени 4 кривични пријави и нерешени 2 лица или вкупно 6 лица. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 2 лица за овие кривични дела. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди против 18 лица. Во претходната 2008 година за овие кривични дела биле поднесени кривични пријави за 4 и нерешени од поранешен период 5 или вкупно било постапувано по 9 лица и имаме намалување за 3 лице. Јавните обвинителства во 2008 година поднеле обвиненија против 11 лица имаме намалување за 9 лица, а судовите донеле првостепени пресуди против 21 лице имаме намалување за 3 лица.

**Кривични дела по посебни закони**

Во текот на 2009 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 126 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 25 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 151 лице. Јавните обвинителства во 2009 година поднеле вкупно обвиненија против 163 лица. Судовите во 2009 година донеле првостепени пресуди према 187 лица. Во споредба со претходната 2008 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 243 лица и заедно со незавршените против 40 лица или вкупно 283 лица имаме намалување за 132 лица, како и поднесени обвиненија против 243 лица или намалување за 80 лица а судовите донеле пресуди према 278 лица или помалку за 91 лице.

**Движењето на криминалот по поедини карактеристични кривични дела кои се појавуваат во поголем обем во структурата на кривичните дела во 2009 година, во споредба со 2008 година, го даваме во следниот преглед:**

| КРИВИЧНО ДЕЛО | пријавени лица | | обвиненија | | пресуди | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2008 | 2009 | 2008 | 2009 |
| **Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото** | | | | | | |
| - Убиство чл.123 ст.1 | 47 | 35 | 61 | 39 | 44 | 44 |
| - Убиство чл.123 ст.2 | 16 | 15 | 18 | 11 | 8 | 12 |
| - Убиство во обид | 14 | 44 | 21 | 28 | 24 | 19 |
| - Тешка телесна повреда чл.131 | 394 | 415 | 254 | 251 | 382 | 250 |
| **Глава XV од КЗ- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | |
| -Противправно лишување од слобода чл.140 | 73 | 57 | 39 | 48 | 36 | 41 |
| -Грабнување чл.141 | 33 | 46 | 16 | 34 | 18 | 21 |
| **Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Силување чл.186 | 55 | 41 | 33 | 31 | 33 | 35 |
| -Полов напад врз дете чл.188 | 41 | 64 | 37 | 45 | 45 | 33 |
| **Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот семејството и младината** | | | | | | |
| -Неплаќање издршка чл.202 | 237 | 266 | 204 | 227 | 222 | 212 |
| **Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето** | | | | | | |
| -Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 | 366 | 484 | 289 | 374 | 427 | 392 |
| **Глава XXIII од КЗ- Кривични дела против имотот** | | | | | | |
| -Кражба чл.235 став 1 | 2166 | 2558 | 2023 | 1791 | 2265 | 1904 |
| - Тешка кражба чл.236 | 2901 | 2468 | 2220 | 2274 | 2144 | 2024 |
| - Разбојништво чл.237 | 192 | 227 | 141 | 191 | 139 | 151 |
| - Затајување чл.239 | 134 | 172 | 72 | 96 | 101 | 78 |
| - Измама чл.247 | 918 | 1091 | 401 | 410 | 347 | 334 |
| **Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство** | | | | | | |
| - Фалсификување пари чл.268 | 77 | 99 | 62 | 65 | 114 | 62 |
| - Криумчарење чл.278 | 170 | 126 | 143 | 29 | 167 | 137 |
| - Даночно затајување чл.279 | 404 | 370 | 206 | 116 | 84 | 87 |
| **Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | | | | | | |
| - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300 | 742 | 757 | 557 | 583 | 618 | 578 |
| **Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили** | | | | | | |
| - Самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили чл.344 | 4 | 1 | 1 | 2 | - | 3 |
| **Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 | 1506 | 1489 | 352 | 397 | 284 | 277 |
| - Примање поткуп чл.357 | 23 | 20 | 15 | 16 | 12 | 9 |
| -Фалсификување службена исправа чл.361 | 32 | 42 | 7 | 9 | 13 | 11 |
| **Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството** | | | | | | |
| - Неизвршување на судска одлука чл.377 | 59 | 39 | 15 | 7 | 19 | 13 |
| **Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај** | | | | | | |
| -Фалсификување исправа чл.378 | 951 | 902 | 722 | 594 | 790 | 768 |
| **Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред** | | | | | | |
| -Спречување службено лице во вршење службено дејствие чл.382 | 118 | 133 | 110 | 115 | 87 | 113 |
| - Насилство чл.386 | 332 | | 198 | | 169 | |
| -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи чл.396 | 220 | 254 | 203 | 187 | 215 | 264 |

## *Д. ПРАВНИ ЛЕКОВИ*

### 1. Редовен правен лек - Жалба

**а)** Вишите јавни обвинителства во работа имале жалби против првостепени пресуди вкупно против 6.614 лица. Од вкупниот број на изјавените жалби, јавните обвинителства вложиле жалби против пресуди донесени против 1.907 лица.

Против првостепените пресуди обвинетите лица вложиле 4.587 жалби, а 120 жалби изјавиле оштетените лица.

Вишите јавни обвинителства постапувајки по жалбите ставиле предлози до судовите и тоа: против 2065 лица - жалбите да се уважат, против 4.173 лица- жалбите да се одбијат и против 73 лица жалбите делумно да се уважат. По 108 жалби јавните обвинители ставиле предлог тие да бидат отфрлени како ненавремени или како недозволени. Само, против 139 лице не е ставен предлог по вложените жалби.

Јавните обвинители учествувале на 1.391 јавни седници и на 3.369 нејавна седница.

Апелационите судови одлучувајќи по жалбите во 4.700 случаи го уважиле предлогот на јавните обвинители, а во 360 случаи постапиле поинаку.

**б)** Постапувањето по поднесени жалби поединечно по виши јавни обвинителства е како што следи:

**- Вишо јавно обвинителство Скопје**

Во текот на 2009 година ВЈО Скопје постапувало по 3.779 жалби, изјавени против одлуките на првостепените судови. Од вкупниот број жалби по лица, 968 се изјавени од основните јавни обвинителства, 2.764 се од обвинетите и 47 жалби од оштетените.

| **Изјавени жалби** | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **Обвинет** | **Оштетен** | **Вкупно** |
| 968 | 2764 | 47 | 3779 |

Во текот на 2009 година во смисол на чл.387 ст.2 од ЗКП, ВЈО Скопје поднело 2.855 предлози, а во смисол на чл.457 ст.2 од ЗКП 924 предлози.

| **Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби** | |
|---|---|
| **По обвинителен акт** | **По обвинителен предлог** |
| 2.855 | 924 |

Структурата на предлозите на јавните обвинители е следна:

Во 1.079 случаеви се дадени предлози, изјавените жалби да се уважат, во 40 случаи се дадени делумно да се уважат, а во 2514 случаеви жалбите да се одбијат. Во 15 случаеви се дадени предлози жалбите да се отфрлат како ненавремени или недозволени, во 38 случаи ВЈО Скопје не дало свој предлог по повод поднесените жалби, бидејќи истите биле поднесени од страна на обвинетите или оштетените по основ на трошоците на постапката или пак жалби од страна на обвинетите за кривични дела за кои гонењето се презема по приватна тужба.

| **Број и структура на дадените предлози** | | | |
|---|---|---|---|
| **Да се уважи** | **Делумно да се уважи** | **Да се одбие** | **Да се отфрли** |
| 1.079 | 40 | 2.514 | 15 |

Вишиот јавен обвинител по 55  случаи се откажал од изјавените жалби на основните јавни обвинители што во споредба со 2008 година кога се откажал во 56 случаи , е намалена бројката за 1. Бројот на жалбите со кои се откажал јавниот обвинител земен во споредба со вкупниот број на поднесените жалби од основните јавни обвинителства, не е висок и се должи на тоа што основните јавни обвинителства поднеле жалби со основани жалбени наводи.

За причините поради кои вишиот јавен обвинител се откажал од поднесените жалби од основниот јавен обвинител изготвил службени белешки со кои го известил и основниот јавен обвинител.

Повлечените жалби , во најголем број се за кривични дела од областа на сообраќајот, имотните дела, а во поретки случаеви се за други кривични дела.

Во текот на 2009 година вишиот јавен обвинител учествувал на 851 јавни седници и 1.550 нејавни седници одржани пред апелациониот суд. Во текот на јавната седница јавниот обвинител во 12 случаеви го изменил својот предлог по однос на изјавената жалба од оној што е изнесен со писмениот предлог.

Апелациониот суд од вкупно 3.779 поднесени предлози одлучил по 2.946 или 77,96% од кои мериторни одлуки по жалбите донел против 2.316 лица или 78,61%, не одлучил по жалби против 833 или 22,04%. Во овие бројки не влегуваат жалбите вратени административно и поинаку донесените одлуки од судот  од предлогот на јавниот обвинител.

Состојбата со решени предмети е следна: потврдени 1868 или 63,41%, преправени 448 или 15,21% и укинати 630 или 21,38%.

Од преправените одлуки зголемени се казните на 283 лица или 63,17%, намалени на 165 лица или 36,83% .

Одлуките на апелациониот суд во  2.697 случаеви се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител или 91,55%.

Во извештајната година од страна на ВЈО Скопје иницирани се 4 барања за заштита на законитост.

Во взаемната соработка на ВЈО Скопје, со Апелациониот суд Скопје, посебно со четирите кривични совети, како и во поранешните години, така и во извештајната година е добра и успешна. Тоа се однесува и за соработката и со Апелациониот суд во Гостивар за периодот пред кој ВЈО Скопје вршеше застапување на предметите по поднесените жалби на првостепените одлуки донесени од судовите од подрачјето на овој суд.

**- Вишо јавно обвинителство Битола**

Во текот на извештајната година во ВЈО Битола биле примени предмети по жалби за вкупно 1.079 лица, изјавени против одлуките на основните судови

Од вкупниот број жалби, најголем број се изјавени од обвинетите - 746 или 69,2%, потоа од основните јавни обвинители 296 или 27,4% и од оштетените 37 или 3,4%.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **вкупно** |
| 296 - 27,4% | 746 - 69,2% | 37 - 3,4% | 1.076 - 100% |

Во однос на претходната 2008 година основните јавни обвинители вложиле 82 жалби повеќе, обвинетите за 81 повеќе, додека оштетените за 9 повеќе.

Од страна на ВЈО Битола биле повлечени 3 жалби или помалку од претходната година за 3 лица. За сите повлечени жалби биле изготвени и доставени писмени известувања до соодветните обвинителства со наведување на причините за повлекување на жалбата.

Од вкупно изјавените жалби за 1.079 лица до Апелациониот суд Битола , ВЈО Битола поднело предлози за сите жалби, кои и по број и структура биле како следува: да се одбијат како неосновани 680 или 63%, да се уважат 319 или 29,6%, делумно да се уважат 18 или 1,7%, да се отфрлат 48 или 4,4%, повлечени 1 или 0,1% и вратени со писмо 13 или 1,2%.

Од страна на ВЈО Битола, било обезбедено максимално учество на сите седници за кои бил повикан и известен јавниот обвинител по жалби за 742 лица.

По поднесените жалби Апелациониот суд Битола донел 1.010 одлуки од кои 829 или 82,1% како во предлогот на ВЈО Битола и 181 или 17,9% поинакви од предлогот.

Взаемната соработка на ВЈО Битола со двата кривични совети на Апелациониот суд Битола од стручен аспект како во претходните , така и во извештајната година е добра и успешна.

Во текот на 2009 година од страна на ВЈО Битола биле поднесени 15 иницијативи за заштита на законитоста од кои Јавното обвинителство на РМ прифатило 4 или 36,4%, додека 7 или 63,6% иницијативите биле одбиени, а по останатите 4 сеуште не е постапено во извештајната година.

**- Вишо јавно обвинителство Штип**

Во извештајната година Вишото јавно обвинителство Штип постапувало по 1.038 изјавени жалби, против 899 лица.

Најголем број на жалби биле изјавени од страна на обвинетите 623 или 60%, потоа од основните обвинители против 403 лица или 38,8%, додека најмалку од оштетените за 12 лица или 1,2%.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **вкупно** |
| 403- 38,8% | 623 - 60% | 12 - 1,2% | 1038 - 100% |

Жалбите биле поднесени на судски одлуки донесени по обвинителни предлози против 277 лице и по обвинителни акти против 729 лица, а структурата на дадените предлози по изјавените жалби е следна: за 403 лица жалбата да се уважи, за 560 лица жалбата да се одбие, за 15 лица жалбата делумно да се уважи, за 28 лице жалбата да се отфрли како ненавремена или недозволена.

По жалбите во предметите против 32 лица Вишо јавно обвинителство не дало предлози, затоа што се работело за погрешно доставени предмети, за кои во конкретните случаи кривичното гонење било од страна на приватните тужители.

Одлуките на Апелациониот суд во Штип се идентични со предлозите на Вишото обвинителство во 750 случаи или 82,4% од решените, а во 160 или 17,6% одлуките на судот се различни од дадениот предлог.

Јавните обвинители учествувале на 243 јавни и на 667 нејавни седници на Советот на Апелациониот суд Штип а во еден случај е одржан главен претрес.

**- Вишо јавно обвинителство Гостивар**

Вишото јавно обвинителство во Гостивар со работење по предмети по вложени жалби, започна со работа од 1.3.2009 година кога ја превзеде надлежноста за постапување по предмети пред Апелациониот суд во Гостивар од Вишото јавно обвинителство Скопје, кое до овој датум ги застапуваше предметите по жалба.

Во наведениот период од 1.3. до 31.12.2009 година Вишото јавно обвинителство Гостивар постапувало по изјавени жалби против 718 лица.

Најголем број на жалби биле изјавени од страна на обвинетите 454 или 64%, потоа од основните обвинители против 240 лица или 34,6% додека најмалку од оштетените за 24 лица или 1,4% .

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **Вкупно** |
| 240 | 454 | 24 | 718 |

Од страна на Вишото јавно обвинителство против 264 лица дадени се предлози жалбите да се уважат, против 419 лица жалбите да се одбијат а не се дадени предлози за делумно уважување на жалбите. Против 17 лица дадени се предлози жалбите да се отфрлат како ненавремени или недозволени. Против 18 лица Вишото јавно обвинителство не дало свој предлог бидејќи жалбите биле поднесени по основ на трошоци на постапката или се работело за жалби поднесени од субсидијарни тужители или обвинети за кривични дела за кои гонењето се презема по приватна тужба. Во наведениот период во смисла на чл.387 ст.2 од ЗКП, Вишото јавно обвинителство има поднесено 537 предлози, а во смисла на чл.457 ст.2 од ЗКП 181 предлог.

| Предлози на јавни обвинители по изјавени жалби | |
|---|---|
| **По обвинителен акт** | **По обвинителен предлог** |
| 537 | 181 |

Во извештајниот период од страна на вишите обвинители не се повлечени жалби поднесени од основни обвинители. Јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар учествувале на 109 јавни и 330 нејавни седници пред Советот на Апелациониот суд Гостивар.

Одлуките на Советот на Апелациониот суд во Гостивар се идентични со предлозите на Вишото јавно обвинителство во 423 случаи или 95,7% од решените а во 19 или 4,3% одлуките на судот се различни од дадениот предлог на јавниот обвинител.

Во текот на 2009 година од страна на Вишото јавно обвинителство Гостивар, не е поднесена ни една иницијатива за поднесување на Барање за заштита на законитоста.

## 2. Вонредни правни лекови

### а) Во кривична постапка

Јавното обвинителство на Република Македонија во текот на 2009 година примило 434 иницијативи за подигање барање за заштита на законитост. Од вкупниот број на поднесените иницијативи, 28 иницијативи се поднесени од јавните обвинителства.

Во извештајната година примени се 364 иницијативи за подигање барање за заштита на законитост против судски пресуди за кривични дела. На крајот на годината останале нерешени 34 иницијатива. До Врховниот суд се поднесени 40 барања за заштита на законитост, а 283 иницијатива се одбиени. Врховниот суд на Република Македонија уважил 24 барање, одбил 3, и нерешени барања во судот останале 13.

Од вкупниот број на 434 иницијативи, 70 иницијативи се за подигање барање за заштита на законитост против пресудите за прекршоци. Од овие иницијативи против 19 пресуди се поднесени барања за заштита на законитоста и од нив Врховниот суд уважил 11, барања, одбиени се 2.

Во 2009 година Јавното обвинителство на Република Македонија пред Врховниот суд во жалбена постапка учествувал во 10 случаи по пресуди на второстепениот суд. Во текот на годината Јавното обвинителство примило 345 предмети по барања за вонредно преиспитување на правосилни судски пресуди. По сите барања до Врховниот суд поднесени се образложени предлози.

Во извештајната година сите јавни обвинителства во Република Македонија примиле 211 предмети за вонредно ублажување на казна кои биле предмет на работа на Јавното обвинителство на Република Македонија, и по сите барања дадени се образложени предлози до Врховниот суд на Република Македонија.

**б) Граѓанско - судски постапки**

Во рамките на функцијата за заштита на законитоста во текот на 2009 година во Јавното обвинителство примени се 21 иницијативи за поведување на постапка за заштита на законитоста пред Врховниот суд на Република Македонија.

Од вкупниот број на предмети по вложени иницијативи за подигање на заштита на законитост, кои во тековната 2009 година биле 21, по проучувањето на предметите Јавниот обвинител не вложил барање за заштита на законитост заради тоа што оценил дека не се исполнети условите за употреба на ова вонредно правно средство, бидејќи биле поднесени против правосилни судски одлуки донесени по стапување на сила на новиот ЗПП 27.12.2005 година, со кој е укинато ова вонредно правно средство.

**в) Управно-судска и управна постапка**

Покрај гонењето на сторителите на кривични дела, Јавното обвинителство е надлежно да презема правни дејствија и во управно судска и управна постапка. Во управно-судска постапка според Законот за управните спорови од 2006 година Јавниот обвинител на Република Македонија има овластување кај Врховниот суд на Република Македонија да подигне барање за заштита на законитоста против одлука на Управниот суд донесена по тужба за повторување на постапката. Во извештајната

2009 година примени се вкупно 15 иницијативи на странки. Јавниот обвинител према 13 иницијативи одлучил да не подигне, додека 2 иницијативи ги прифатил и подигнал БЗЗ. Врховниот суд се уште нема одлучено по подигнатите барања.

Во управната постапка, според Законот за општата управна постапка, Јавниот обвинител е овластен да вложи вонредни правни лекови, и тоа: да поднесе барање за заштита на законитоста, барање за поништување и укинување по право на надзор, како и да предлага огласување на решение за ништовно. Во извештајната 2009 година странките имаат поднесено 11 иницијативи за предлагање огласување на решение за ништовно, но Јавниот обвинител не прифатил ни една.

## *II. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКА АКТИВНОСТ*

Јавното обвинителство законската обврска не ја исцрпува само преку постапувањето во областа на предметната активност, туку ги следи и проучува општествените односи и појави од интерес за остварување на јавнообвинителската функција.

Во текот на 2009 година, јавното обвинителство остварувањето на вонпредметните активности ги вршеше континуирано и секојдневно со следење и согледување на општествените односи и појави од непосреден интерес за остварувањето на јавнообвинителската функција.

Целта на таквите активности, беше целосно согледување на проблемите кои имаат негативен однос врз остварувањето на прогонот на извршителите на кривични и други казниви дела, насочување на активностите кон превентивно делување и координирано настапување на органите за откривање во попречувањето на криминално и незаконито работење на одредени субјекти во општеството.

Согласно со програмата за работа на Јавното обвинителство на Република Македонија во текот на 2009 година од страна на вишите јавни обвинителства во двете полугодија, беа извршени контроли на работата на основните јавни обвинителства при што посебно внимание беше посветено на квалитетот и ажурноста во нивното постапување по кривичните пријави и предмети, и тоа преку контрола на работата на секој заменик основен јавен обвинител и основни јавни обвинители, за кои е донесена соодветна оценка за квалитетот на работата.

## *III. ПРЕСТАВКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ*

До Јавното обвинителство на Република Македонија во 2009 година поднесени се 488 поднесоци, а од нив 130 кривични пријави и 358 преставки и други поднесоци. Кривичните пријави се доставени на надлежност на основните јавни обвинителства со барање Јавното обвинителство на Република Македонија, да биде информирано за постапувањето по пријавите. Од поднесоците 48 се поднесени од непознати лица, 151 се поднесени од физички лица и 156 се поднесени од други органи и институции а 3 пријави (барања) за слободен пристап до информации.

Поднесоците во најголем број случаи се однесуваат на постапувањето по определени предмети од страна на обвинителството и судовите од целата држава, на одлуките за отфрлање на кривичните пријави од основните обвинителства или пак на неажурно постапување по поднесени кривични пријави. Поднесоците со укажувања се доставени на постапување на надлежните основни јавни обвинителства или , заради проверка на наводите, на вишите јавни обвинителства, со барање Јавното обвинителство на Република Македонија да биде известено за исходот од постапките. По добиените известувања од обвинителствата, се информирани и подносителите на поднесоците.

## *IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА*

Меѓународната соработка обвинителството ја остваруваше преку укажување на правна помош по замолници од надлежните странски органи, одржување на работни средби заради запознавање со состојбите особено во организираниот и меѓународен криминал, размена на искуства и договарање на натамошните активности со јавните обвинителства од другите држави, работни средби со претставници на меѓународни организации и асоцијации и учество на јавни обвинители на меѓународни советувања, едукативни курсеви и студиски посети.

Освен укажувањето на меѓународна правна помош со преземање на дејствијата што се барани со замолницата, значајни се и активностите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата во реализацијата на повеќе посебни истражни мерки во заеднички акции со обвинителствата од другите држави по предмети од меѓународен криминал. Потребата од ваква соработка е интензивирана поради зачестени случаи на кривични дела извршени или подготвувани на територии на повеќе држави. Врз основа на Меморандумот за разбирање на Јавното обвинителство на Република Македонија, Државното обинителство на Република Албанија, Обвинителството на Босна и Херцеговина, Државното обвинителство на Република Хрватска, Државното обвинителство на Србија и Врховниот државен обвинител на

Црна Гора за регионална соработка против организираниот криминал, функционира мрежа на обвинители преку која се остварува побрза и полесна соработка. Во 2009 година претставниците на оваа мрежа одржаа два работни состаноци во јануари во Стразбург и во октомври во Загреб. На состанокот во Стразбург кој се одржа во ноември изготвени се амандмани на Меморандумот кои се во насока на зајакнување и олеснување на меѓународната соработка. Исто така, Обвинителството преку Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во рамките на проектот СЕЕПАГ оствари соработка и поврзување со јавните обвинителства на земјите од Југоисточна Европа.

На план на билатералната соработка неопходно е да се истакнат активностите што се одвиваат во рамките на Твининг проектот за борба против организираниот криминал и корупција финансиран од Европската агенција за реконструкција, а во организација на Министерството за правда на Република Италија и Националното биро за борба против мафијата на Република Италија. Во тој контекст, се остварува соработка и развивање на практични аспекти за гонење на сторители на кривични дела од организирраниот криминал. Во рамките на таа соработка повеќе јавни обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција учествуваа во обуки и размена на искуства во Италија а се одржани и три семинари.

Во 2009 година повеќе јавни обвинители учествувале на меѓународни средби и студиски посети за размена на искуства и едукација. Обвинители и заменици јавни обвинители патувале во САД заради запознавање со правосудниот систем и организацијата на обвинителството. Јавни обвинители учествувале на семинари во странство, но и во организација на Обвинителството и Здружението на јавни обвинители одржани се повеќе работилници и семинари со експерти од странство заради разменување на искуства во борбата против тешките кривични дела и корупцијата.

## V.- ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### А.- В О В Е Д

Согласно чл.29 ст.4 од Законот за јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција. Со Законот за судови определена е надлежноста на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Во текот на 2009 година Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапуваше со намален број на јавни обвинители што значително ја усложнува работата на ова Обвинителство, ако се има предвид дека тоа постапува и во предкривичната постапка насочувајќи и координирајќи ја работата на Одделот за организиран криминал во Министерството за внатрешни работи, како и на Финансиската полиција во рамките на Министерството за финансии, а покрај тоа извршувајќи ја редовната функција на гонење, јавните обвинители од ова обвинителство во најголем број случаи се присутни при преземањето на истражните дејствија во текот на истражната постапка и, се разбира, ги обработуваат и одлучуваат предметите по поднесени кривични пријави и по завршена истрага, присуствуваат на главниот претрес и вложуваат редовни правни лекови против донесените пресуди на правостепениот суд. Треба да се напомене и фактот дека ова Обвинителство работи со само двајца советници од правна струка и еден дактилограф, па повеќе од очигледно е дека бројот на извршителите ни оддалеку не одговара на видот и обемот на работата што ја извршува Обвинителство кое постапува по најсложените предмети на организиран и тежок криминал криминал во државата, како и најсложените коруптивни кривични дела.

Во контекст на погоре изнесеното истакнуваме дека Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, согласно утврдената систематизација, 2009 година ја започна со десет јавни обвинители, од кои девет јавни обвинители во Јавното обвинителство и јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во текот на 2009 година дојде до кадровски промени во обвинителството. Двајца јавни обвинители беа именувани на други функции така што од 12.11.2009 година Обвинителството постапуваше со само седум јавни обвинители.

Советот на јавните обвинители на Република Македонија на 27-та седница од 23.04.2009 година ја прошири систематизацијата на ова Обвинителство на 12 јавни обвинители. Меѓутоа, на распишаниот конкурс за тројца јавни обвинители не се пријави ниту еден кандидат, што треба да биде предмет на анализа и да се утврдат причините поради кои јавните обвинители, воопшто не се мотивирани да се пријават за работа во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во тек е постапка за избор на 5 Јавни обвинители по распишаниот оглас на 18.11.2009 година.

Сепак, неопходно е да се истакне дека и покрај ваквата состојба јавните обвинители и целиот персонал во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2009 година со вонредни напори и залагање, успеаја да го совладаат обемот на работата и да покажат успешни резултати во работењето што ќе се согледа од податоците кои ќе бидат изнесени во понатамошниот дел од овој Годишен извештај.

## Б.ФУНКЦИЈА НА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ

### 1.- ОБЕМ НА РАБОТА

**1/ Кривични пријави**

Согласно чл.31 од Законот за Јавното обвинителство (Сл.весник 150/07), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата, постапува:

- за кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист,
- за кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,

- за кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, Примање поткуп од значителна вредност од чл.357 и Противзаконито посредување од чл.359, сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и за кривични дела-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 ст.2, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313, Давање поткуп од значителна вредност од чл.358, Незаконито влијание врз сведоци од чл.368-а ст.3, Злосторничко здружување од чл.394, Терористичка организација од чл.394-а, Тероризам од чл.394-б, Трговија со луѓе од чл.418-а, Криумчарење мигранти од чл.418-б, Трговија со малолетно лице од чл.418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

Во текот на 2009 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата, постапуваше по 150 предмети против вкупно 462 лица, заведени во уписникот КО.

Структурата на подносителите на кривични пријави во 2009 година, прикажана е во следниот преглед:

| | МВР | Друго ОЈО | Оште-тен | Министерство за финансии | Иницијатива на ОЈО за ОКК | Државен Инспекторат За земјодел. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пријави/ предмети | 75 | 70 | 1 | 2 | 1 | 1 | 150 |
| лица | 305 | 145 | 4 | 2 | 2 | 4 | 462 |

Ажурноста на јавниот обвинител во решавањето на кривичните пријави/предмети, во текот на 2009 година, од моментот на приемот на кривичната пријава или на предмет од друго основно јавно обвинителство заради надлежно постапување (во различна фаза од постапката), до донесување на прва јавнообвинителска одлука е видна од следниот преглед:

| **вид на одлука** | **до 7 дена** | **до 15 дена** | **до 30 дена** | **преку 30 дена** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **потребни известувања** | **1** | **2** | **4** | **5** | **12** |
| **истрага** | **260** | **/** | **11** | **20** | **291** |
| **изјава** | **/** | **1** | **/** | **/** | **1** |
| **решение** | **1** | **/** | **4** | **1** | **6** |
| **обвинение** | **6** | **1** | **/** | **4** | **11** |
| **отстапено на надлеж.** | **14** | **11** | **18** | **34** | **77** |
| **вкупно** | **282** | **15** | **37** | **64** | **398** |

Видно од претходните два табеларни прегледи во текот на 2009 година, од вкупно 462 новозаведени лица во уписникот КО, јавнообвинителска одлука донесена е за 398 лица. Тука наоѓаме за потребно да нагласиме дека на крајот на извештајната година за 42 лица беше во тек изготвувањето на јавнообвинителската одлука, а дека бројката од 22 од вкупно 462 новозаведени лица се однесува на предмети доставени до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата, на надлежно постапување од други обвинителства за кои одлуката е донесена во тие обвинителства.

Од горенаведеното произлегува дека во 2009 година во однос на 2008 година, во текот на која се постапуваше за 497 пријавени лица има благо намалување на бројот на пријавени лица од 7,57%, а е задржан трендот на значително зголемување во однос на 2007 година во текот на која се постапуваше за 260 пријавени лица за 77,69%.

## ВИД НА ОДЛУКИ ДОНЕСЕНИ ВО ТЕКОТ НА 2009 ГОДИНА ПО ЛИЦА СПОРЕД УПИСНИК КО

| | П.И | Решение | Истрага | Обв. акт | изјави | Отстап. на надлеж. | првостеп. пресуда | казни | жаби | Второстеп. пресуда | Одлука на Врховен суд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| нови предмети од 2009 година | 12 | 6 | 296 | 180 | 6 | 102 | 76<br>71 осудит.<br>5 ослобод. | 66 затвор<br>3 усл. осуди<br>2 парич. | 13 | 37<br>31 потврдени<br>4 преиначени<br>2 укинати | |
| предмети од претходни години, одлуки во 2008 година | | 2 | 1 | 75 | 3 | 45 | 84<br>77 осудител.<br>7 ослобод. | 77 затвор | 90 | 105<br>7 преиначени<br>72 потврдени<br>26 укинати | 10 потврдени<br>6 укинати |
| вкупно | 12 | 8 | 297 | 255 | 9 | 147 | 160<br>148 осудит.<br>12 ослобод. | 143 затвор<br>3 усл. осуд.<br>2 парични | 103 | 142<br>103 потврдени<br>11 преиначени<br>28 укинати | 10 потврдени<br>6 укинати |

### 2.- Истраги

Во текот на 2009 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапувајќи по кривичните пријави, до надлежниот суд поднесе барања за спроведување истрага против вкупно 297 обвинети лица. Сите барања за спроведување истрага беа прифатени од страна на судот и беа донесени решенија за спроведување на истрагата. Ова значи дека во 2009 година во однос на 2008 година, во текот на која биле поднесени барања за спроведување истрага против 266 лица, има зголемување за 31 лице или изразено во проценти зголемување од 11,65%, а во однос на 2007 година, во текот на која биле поднесени барања за спроведување истрага против 280 лица, има зголемување за 17 лица или изразено во проценти зголемување од 6,07 %.

Во поголем дел од случаите, со барањето за спроведување истрага беше предложена и мерката притвор согласно чл.184 ст.1 т.1,2 и 3 од ЗКП, а од страна на надлежните истражни судии таквите предлози беа прифатени против 200 обвинети лица. Од ова произлегува дека во 2009 година во однос на 2008 година, во текот на која биле прифатени предлози за мерката притвор против 159 обвинети лица има зголемување за 41 лица или изразено во

проценти зголемување од 25,78%, а во однос на 2007 година во текот на која биле прифатени предлози за мерката притвор против 141 обвинето лице има зголемување за 59 лица или изразено во проценти зголемување од 41,84%.

Времетраењето на определената мерка притвор прикажано е во следниот преглед:

| до 48 часа | до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | над шест месеци | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **32** | **53** | **65** | **21** | **26** | **200** |

Во 2009 година за 84 лица беше определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, во определени случаи како замена на претходно одредената мерка притвор, а во одредени случаи како првична мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката по предложена мерка притвор. Од претходно наведеното произлегува дека во 2009 година има значително зголемување на бројот на лица против кои е определена мерката куќен притвор и тоа во однос на 2008 година, во текот на која оваа мерка била определена против 37 лица има зголемување од 127,02% , додека во текот на 2007 година ваква мерка била определена против 18 лица што значи има зголемување од повеќе од 3,5 пати, па од наведените податоци може да се заклучи дека определувањето на мерката куќен притвор е со тенденција на значително зголемување.

Времетраењето на определената мерка куќен притвор прикажано е во следниот преглед:

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | над шест месеци | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **6** | **40** | **18** | **16** | **4** | **84** |

Состојбата со предметите од 2009 година, за кои била определена мерка притвор или куќен притвор, според видот на последната јавно обвинителска/ судска одлука во 2009 година е видна од следниот преглед:

| истрага | обв.акт | првостепена пресуда | правосилна пресуда | отстапени на наделжност | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **58 лица** | **80 лица** | **20 лица** | **37лица** | **5 лица** | **200 лица** |

Времетраењето на мерката  притвор во 2009 година за предмети од 2008 година прикажано е во следниот преглед:

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | над шест месеци | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 5 | 9 | 47 | 65 |

Времетраењето на мерката куќен притвор во 2009 година за предмети од 2008 година прикажана е во следниот преглед:

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | над шест месеци | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | / | 9 | 7 | 14 | 34 |

Состојбата со притворенички предмети од 2008 година, според видот на последна јавнообвинителска/судска одлука во 2009 година е видна од следниот преглед:

| истрага | обв.акт | првостепена пресуда | правосилна пресуда | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 лице | 30 лица | 24 лица | 24 лица | 79 лица |

Од вкупно поднесените барања за спроведување на истрага во текот на 2009 година,  сеуште во тек се истраги против 96 лица.

### 3.Предкривична постапка- примена на посебните истражни мерки

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2009 година, како и во претходните години, во случаите каде што податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка на друг начин не можеа да се соберат или нивното собирање беше сврзано со поголеми тешкотии ги применуваше посебние истражни мерки наведени во чл.142-б од Законот за кривичната постапка.

Во текот на 2009 година, во **64 случаи** беа применети посебни истражни мерки од чл.142-б од Законот за кривична постапка.

Од овие 64 случаи во 29 случаи од надлежниот истражен судија издадени се 29 наредби против 175 лица за примена на посебната истражна мерка од 142 - б ст.1 т.1 од ЗКП - Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, под услови и постапка утврдени со Законот за следење на комуникации. Во Република Македонија во текот на 2008 година за прв пат, на начин предвиден во Законот, започна да се применува оваа посебна истражна мерка, меѓутоа во текот на 2009 година оваа мерка многу пошироко се применуваше и со таквата примена се реализираа очекувањата за зголемување на ефикасноста во откривањето и гонењето на хомогените организирани криминални групи.

Од 64-те случаи за кои во текот на 2009 година, беа применети посебни истражни мерки, 63 се од 2009 година, а во еден случај примената на посебните истражни мерки започнала во 2008 година, а продолжила и во 2009 година.

Во натамошниот дел од овој извештај, следува анализа на случаите во кои се применети посебни истражни мерки, вклучувајќи ја и мерката- Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации.

Имено, по предлог на Министерството за внатрешни работи, во 33 случаи издадени се наредби за примена на посебни истражни мерки против непознати сторители на кривични дела од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Од овие 33 случаи во 26 случаи истовремено поднесени се предлози за примена на посебни истражни мерки против лица со утврден идентитет до истражен судија, а во седум случаи издадени се само наредби од јавниот обвинител. За 31 случај до истражниот судија поднесени се вкупно 44 предлози за примена на посебни истражни мерки. Сите поднесени предлози на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, истражниот судија ги прифати и по истите издаде наредба.

Наоѓаме за потребно да акцентираме дека разликата во бројот на случаите и издадените наредби се должи на фактот што една наредба или предлог може да вклучува повеќе видови посебни истражни мерки, повеќе лица и за повеќе кривични дела, дека за еден случај може да се издаде наредба од јавното обвинителство за примена на посебни истражни мерки против непознати сторители на кривични дела или да се поднесе предлог до истражен судија за примена на посебни истражни мерки против лица со утврден идентитет, дека истовремено може да биде издадена наредба од јавното обвинителство за примена на посебни истражни мерки против непознати сторители на кривични дела и да биде поднесен предлог за примена на посебни истражни мерки против лица со утврден идентитет, а дека за еден случај може да се поднесат повеќе предлози до истражниот судија, доколку мерките се прошируваат и на други познати сторители, во кој случај по таквите предлози истражен судија издава наредба.

Наредбите издадени во текот на 2009 година од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, согласно чл.142-г од Законот за кривична постапка во случај кога не се располагаше со

сознание за идентиетот на сторителите на кривичните дела, се однесуваа на примена на следните посебни истражни мерки:

- Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства во **33 случаи,**

- Привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп во **24 случаи,**

- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети во **шест случаи,**

- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци во **27 случаи.**

**Предлозите поднесени до истражен судија за издавање наредба за примена на посебни истражни мерки се однесуваа на следните посебни истражни мерки:**

- Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, издадени се наредби од истражен судија за 29 случаи,

- Увид и пребарување во компјутерски систем, одземање на компјутерски систем или дел од него или базата за складирање на компјутерски податоци, издадени се наредби од истражен судија за пет случаи,

- Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства издадени се наредби од истражен судија за 38 случаи,

- Привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп, издадени се наредби од истражен судија за 30 случаи,

- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети, издадени се наредби од истражен судија за седум случаи,

- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци, издадени се наредби од истражен судија за 20 случаи,

- Регистрирање на привидни (симулирани) правни лица или користење на постојни правни лица заради собирање на податоци, издадени се наредби од истражен судија за еден случај.

Наредбите беа издадени, а предлозите поднесени поради постоење на основано сомнение за извршување на кривични дела на **корупција и организиран криминал и тоа за следните кривични дела** :

- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ за 12 случаи,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ;Незаконито влијание врз сведоци од чл.368-а од КЗ и Давање поткуп од чл.358 од КЗ, еден случај,
- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ и Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ, 18 случаи,
- Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ и Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ, два случаи,
- Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, четири случаи,

- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Спречување на избори и гласање од чл.158 од КЗ, еден случај,
- Разбојништво од чл.237 од КЗ, убиство од чл.123 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, еден случај,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Разбојништво од чл.237 од КЗ и Убиство од чл.123 од КЗ, два случаи,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Недозволено производство од чл.276 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ и Криумчарење од чл.278 од КЗ, еден случај,
- Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ и Примање поткуп од чл.357 од КЗ, шест случаи,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ и Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост од чл.265 од КЗ, два случаи,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ и Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, еден случај,
- Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ и Организирање на група и поттикнување на извршување на делата Трговија со луѓе, Трговија со малолетно лице и Криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ, четири случаи,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, еден случај,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Фалсификување пари од чл.268 од КЗ, два случаи,
- Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од чл.251 од КЗ, Компјутерска измама од чл.251-б од КЗ и Компјутерски фалсификат одчл.379-а од КЗ, еден случај,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Затајување од чл.239 од КЗ и Тешка кражба од чл.236 од КЗ, еден случај,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Убиство од чл.123 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, еден случај,
- Проневера во службата од чл.354 од КЗ и Давање поткуп од чл.358 од КЗ, еден случај,
- Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Терористичка организација од чл.394-а од КЗ и Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од чл.319, еден случај.

Како резултат на примената на посебните истражни мерки, Министерството за внатрешни работи до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поднесе кривични пријави против 125 лица. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапувајќи по пријавите, до надлежниот истражен судија, поднесе барања за спроведување на истрага против 121 лице, а против четири лица поднесе предлог за преземање определени истражни дејствија. По завршувањето на истрагата, против 80 лица поднесени се обвинителни акти, а по завршување на постапката за превземање на определени истражни дејствија против четири лица поднесен е обвинителен предлог. По поднесените обвиненија за десет лица донесени се првостепени осудителни пресуди, а за три лица донесена и второстепена пресуда со која првостепната пресуда е

потврдена. Во еден предмет по завршената истрага за пет лица предметот е препратен на налдежност во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Споредбено: во 2009 година, јавниот обвинител издал 33 наредби, во 2008 година издал 17 наредби, а во 2007 година 19 наредби, што значи 16 наредби повеќе во однос на 2008 година, а 14 наредби повеќе во однос на 2007 година. Процентуално бројот на издадени наредби од страна на јавниот обвинител во текот на 2009 година е зголемен за 94,11% во однос на 2008 година и за 73,68% во однос на 2007 година.

Во врска со предлозите за издавање наредба за примена на посебни истражни мерки, поднесени до истражен судија и издадените наредби по тие предлози, очигледна е тенденцијата на зголемување на нивниот број што упатува на заклучок дека постапувањето во преткривичната постапка е поефикасно и поквалитетно. Имено, во 2009 година нивниот број е 44, во 2008 година 38, а во 2007 година 23, што значи во однос на 2008 година шест повеќе, а во однос на 2007 година 21 повеќе или изразено во проценти, во однос на 2008 година зголемување од 15,78 %, а во однос на 2007 година зголемување од 91,30 %.

Зголемувањето на бројот на поднесените предлози за издавање наредба за примена на посебни истражни мерки од страна на Министерството за внатрешни работи до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и на поднесените предлози од страна на ова Обвинителство до истражниот судија и зголемувањето на бројот на издадените наредби, како од страна на Јавното обвинителство, така и од страна на истражниот судија покажуваат дека во Република Македонија се профилираат организираните криминални групи по различни видови на криминалитет и е пристапено кон обезбедување на податоци и докази за нивното криминално однесување, а за тоа е неопходна примена на посебните истражни мерки.

**4.Предлози за обезбедување средства и имот**

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје, во текот на 2009 година, согласно Законот за кривична постапка во три случаи до надлежниот суд, поднесе предлози за привремено обезбедување на имот и средства и тоа:

- во врска со започната кривична постапка, за која во текот на 2008 година е водена истрага против 16 лица за кривично дело-Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ, Измама при добивање кредит или друга погодност од чл.249 од КЗ и Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ и други кривични дела, во текот на истрагата, согласно чл.203-а од ЗКП, предлог за определување привремена мерка-заплена на парични средства најдени со сеф во износ од 80.000 евра, кој предлог судот го прифати и донесе решение, а по завршувањето на истрагата во таа постапка подигнато е обвинение против 15 лица;

- во врска со започната кривична постапка, за која во текот на 2009 година е водена истрага против 4 лица за кривично дело-Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 в.в. ст.1 од КЗ и Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, во текот на истрагата, согласно чл.203-а од ЗКП, предлог за определување привремена мерка за

привремено обезбедување на имот - замрзнување на продажба, оттуѓување или на друг начин располагање со хартии од вредност - 962 обични акции издадени од АД за осигурување Табак Скопје, сопственост на правните лица ФМГ ГРОУП ДООЕЛ Скопје и ПРЕМИУМ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје и на физичкото лице Ѓорѓи Трајковски од Скопје, како и користење на правата што произлегуваат од нив, кој предлог судот го прифати и донесе решение, а по завршувањето на истрагата во таа постапка подигнато е обвинение против четири лица;

- во врска со започната кривична постапка, за која во текот на 2009 година е водена истрага против едно лице за кривично дело- Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, во текот на истрагата, согласно чл.203-а од ЗКП, предлог за определување привремена мерка-привремено замрзнување на сметка на правното лице Капитал, Конзерватор ДООЕЛ Скопје, кој предлог судот го прифати и донесе решение, а по завршувањето на истрагата во таа постапка подигнато е обвинение против едно лице, во врска со кое обвинение донесена е правосилна пресуда со која паричните средства од привремено замрзнатата сметка на наведното правно лице во износ од 10.901.514,00 денари, како принос од казниво дело се одземени во корист на Буџетот на Република Македонија;

## 5.Поднесени обвиненија

Во текот на 2009 година, до месно надлежните основни судови поднесени се обвиненија против вкупно 255 лица, од кои против 180 лица за кои постапката започнала во 2009 година, а против 75 лица за кои постапката започнала во претходните години. По поднесените обвинителни акти, во текот на 2009 година против вкупно 160 лица, донесени се пресуди, а обвиненијата против 95 лица се во фаза на главен претрес.

Од погоре наведеното произлегува дека во 2009 година во однос на 2008 година, во текот на која биле поднесени обвиненија против 224 лица и во однос на 2007 година, во текот на која биле поднесени обвиненија против 162 лица, има зголемување на бројот на лица против кои биле поднесени обвиненија и тоа во однос на 2008 година за 13,84%, а во однос на 2007 година за 57,40%.

За осум пријавени лица, во 2009 година донесени се решенија за отфрлање на кривичните пријави, а за девет обвинети лица дадени се изјави за откажување од гонење. Споредено со претходниот период, во 2008 година донесени се решенија за отфрлање на кривични пријави за шест лица, а во 2007 година не било донесено ниту едно такво решение. По однос на изјавите за откажување од гонење, споредбено во текот на 2008 година донесени се три изјави за откажување од гонење, во текот на 2007 година осум изјави за откажување од гонење.

## 6.Имотна штета

Во текот на 2009 година, по поднесени обвиненија во извештајната година, вкупната имотна штета од сторените кривични дела против службената должност изнесува вкупно 526.301.477,00 денари.

Штетата за Буџетот на РМ изнесува 46.238.821,00 денари, штетата за јавните фондови изнесува 9.941.360,00 денари, а штетата за правни /физички лица изнесува 470.121.296,00 денари.

| Штета за буџет | јавни фондови | Штета за прав/физички лица |
|---|---|---|
| **46.238.821,00** | **9.941.360,00** | **470.121.296,00** |

## 7.Пресуди

Во текот на 2009 година, донесени се првостепени пресуди против 160 обвинети лица, по поднесени обвинителни акти во 2009 година и во претходните години, од кои против 148 обвинети лица осудителни пресуди, а против 12 лица ослободителни пресуди. Со осудителните пресуди на 143 обвинети лица им е досудена казна затвор, на 3 обвинети лица изречена им е алтернативна мерка-условна осуда, а на две обвинети лица парична казна.

Ваквата состојба на донесени првостепени пресуди во текот на 2009 година, укажува на тоа дека во однос на претходните години и тоа во однос на 2008 година во текот на која биле донесени првостепени пресуди за 199 обвинети лица има намалување, а во однос на 2007 година во текот на која биле донесени првостепени пресуди за 118 обвинети лица има зголемување на бројот на обвинети лица за кои се донесени првостепени пресуди, а имено во однос на 2008 година има намалување од 19,60%, а во однос на 2007 година има зголемување од 35,60%. Сепак, и покрај помалиот број на осудени лица во однос на претходната година, и во апсолутни бројки, а и во проценти е зголемен бројот на лица осудени на ефективна казна затвор, од причина што во претходните години беше значително поголем бројот на изречените условни осуди, што не е случај во извештајната година. Ова е видно од податоците дадени во наредното поглавје - Изречени казни.

Во 2009 година не е донесена одбивателна пресуда, а за 12 обвинети лица донесени се ослободителни пресуди. Во 2008 година, за 8 обвинети лица донесени се првостепени одбивателни пресуди, а за четири лица донесени се првостепени ослободителни пресуди. Во 2007 година за шест обвинети лица биле донесени првостепени одбивателни пресуди, а за две обвинети лица првостепени ослободителни пресуди,

Во текот на 2009 година донесени се второстепени пресуди за 142 обвинети лица, од кои за 114 обвинети лица првостепените пресуди се потврдени ( во одредени случаи со намалени или зголеми казни), а за 28 обвинети лица првостепените пресуди се укинати.Врховниот суд на Република Македонија за десет осудени лица донел пресуди со кои ги потврдил првостепените и второстепените пресуди, а за шест осудени лица донел одлуки со кои ги укинал првостепените и второстепените пресуди. Во текот на 2008 година против 171 обвинето лице донесени се второстепени пресуди, со тоа што второстепениот суд за 164 лица ги потврдил првостепените осудителни пресуди (во одредени случаи им се намалени или зголемени казните), а за 7 лица ги укинал првостепените пресуди и предметите ги

вратил на првостетениот суд на повторно судење. Врховниот суд на Република Македонија во 2008 година за 39 лица ги укинал првостепената и второстепена пресуда и предметите ги вратил на првостетениот суд на повторно судење, а во ниту еден случај не донел пресуда со која се потврдува првостепена или второстепена пресуда.

Доколку се има во предвид вкупниот број на лица по укинатите пресуди од повисоките судови ќе се констатира дека во 2009 година укинати се пресудите за 34 лица, а во 2008 година за 48 лица, што значи дека во 2009 година има помалку укинати пресуди за 12 лица.

Укинатите пресуди беа предмет на анализа на одржаните стручни колегиуми на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, при што беше констатирано дека во одредени предмети повисоките судови завземаат ставови кои се спротивни на ставовите завземени на стручните колегиуми на ова Јавно обвинителство, а кои сметаме дека се во согласност со меѓународните конвенции, правната теорија и судската пракса од земјите во соседството, а и пошироко. Ова, пред се, се однесува на ставовите во врска со тоа што претставува злосторничко здружување, што претставува организирана група и дали доколку не е утврдено кој е организатор на групата, тоа значи дека не постои организирана криминална група, какви треба да бидат релациите помеѓу организаторот и припадниците на групата и слично. Исто така, дискутабилни се ставовите околу примената на посебните истражни мерки, особено посебната истражна мерка - контролирана испорака, како да се третираат посебните извештаи од примената на посебните истражни мерки, како и времетраењето на примената на посебните истражни мерки, особено во случаите кога наредбата е издадена од страна на јавниот обвинител спрема лица за кои не се располага со сознанија за нивниот идентитет, а потоа откако идентитетот на сторителите е утврден е издадена наредба од страна на истражниот судија. Сметаме дека сите овие, а и други спорни прашања треба да бидат предмет на натамошна анализа.

## 8. Изречени казни

Во текот на 2009 година, со осудителните пресуди, на најголем дел- 143 обвинети лица им е изречена казна затвор, на три обвинети лица изречена им е алтернативна мерка-условна осуда, а на две лица парична казна. Досудената казна затвор се движи во следните рамки:

- За кривично дело - Примање поткуп од чл.357 од КЗ, од 2 година до 3 години и 6 месеци,
-За кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, од 1 години до 13 години,
- За кривично дело - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ и кривично дело - Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од чл.418-в од КЗ, од една година до 12 години,

- За кривично дело - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, од условна осуда до затвор во траење од четири години,
- За кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, од 2 до 3 години,
- За кривично дело - Изнуда од чл.258 од КЗ, од 8 месеци до 6 години и 6 месеци затвор,
- За кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, условна осуда,
- За кривични дела Примање поткуп од чл.357 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, од единствена казна затвор од пет години,
- За кривични дела - Казнување за најтешките форми на кривични дела од чл.327 од КЗ и Тероризам од чл.313 од КЗ, од 14 до 15 години,
- За кривични дела - Криумчарење од чл.278 од КЗ и Давање поткуп од чл.358 од КЗ, од четири години и два месеци до четири години и шест месеци,
- за кривични дела - Криумчарење од чл.278 од КЗ и Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ една година и шест месеци,
- за кривични дела - Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама од чл.278-б и Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, една година и шест месеци,
- за кривични дела - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи од чл.396 од КЗ и чл.59 и 60 од Законот за акцизи, три години и три месеци,
- за кривично дело - Грабнување од чл.141 од КЗ, од три години и шест месеци до десет години,
- за кривични дела - Злосторничко здружување од чл.394 од од КЗ и Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ, три месеци.

Цениме дека казнената политика на судовите, како и претходната година, а во однос на претходниот период ја задржува тенденцијата, односно е поострена во однос на одредени тешки видови на кривични дела, а со цел да се постигнат целите на казнувањето, како од аспект на специјалната, така и од аспект на генералната превенција. Од друга страна, пак, во 2009 година во однос на 2008 година, значително е зголемен бројот на обвинети лица на кои им е изречена казна затвор, а истовремено значително е намален бројот на обвинети лица на кои им е изречена алтернативна мерка - условна осуда. Ова со оглед и на фактот дека во претходната 2008 година на 63 обвинети лица им е изречена алтернативна мерка - условна осуда, а во 2009 година ваква мерка е изречена само на три обвинети лица, односно алтернативната мерка во вкупниот број на осудителни пресуди во 2009 година учествува со 2,02%, а во 2008 година со 33,69%,

## 9. Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Со пресуди донесени во 2009 година, кои станале правосилни, за кривични дела - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од чл.418-в од КЗ, Изнуда од чл.258 од КЗ,Недозволно производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ и кривично дело Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ - одземени се:

Патнички моторни возила 15, 10 сообраќајни дозволи, 29 мобилни телефони,15 СИМ картици, товарно моторно возило и полуприколка, автобус, три американски патни исправи, лаптоп, сигнален пиштил 9 мм со рамка, 10.901.514,00 денари, 2610 евра, 36,1 грам наркотична дрога „кокаин“, 57.965 кгр.наркотична дрога „хероин“, 10.935 грама наркотична дрога „марихуана“, 298,5 кгр. наркотична дрога „канбаис“, 0,26 грама семе од „канабис“.

Со пресудите, обвинетите задолжени се на име надомест на штета да платат вкупен паричен износ од 25.696.841,50 денари, а воедно одземена е противправно стекнатата имотна корист во износ од 10.901.514,00 денари.

Со пресудите донесени во 2009 година, кои сеуште не се правосилни, за кривични дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотици, психотропни супстанци и прекурсори од чл.215 од КЗ, Криумчарење од чл.418-б од КЗ, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од чл.418-в од КЗ,Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ, Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ, Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, се одземаат:

-27 патнички моторни возила и три клучеви за иститe,едно товарно моторно возило, зелен картон,25 сообраќајни дозволи,86 мобилни телефони,124 сим картици,оружје: три рачни бомби, еден лесен пушкомитралез, две рамки, (една празна и една со 20 куршуми), една автоматска пушка со рамка со еден куршум и оквир за автоматска пушка, 19.855 евра,95.880,00 денари,18.585,09 грама наркотична дрога „хероин“,72.265,3 грама наркотична дрога „марихуана“,14 корења наркотична дрога „Канабис“,четири рачно изработени цигари - 4,22 грама вкупна маса на наркотична дрога „марихуана“,едно пакетчење ризла за праење џоинт, еден грам мешавина од наркотична дрога „марихуана“ и тутун, 43 таблети „Амфетамин“, 22 таблети „Метанмфетамин“, едно пластично шише со „Метадон“, 22 капсули „Трамидол“, 57 пакувања лек „Синтром“, девет пакувања лек „Вивидим“,осум кутии лек „Алдацтоне“, 37 кутии лек „Фраџипарине“, пет кутии „Аспирин“ грчки, една кујнска вага, една вага за мерење мали тежини, една видео камера со адаптер и полнач за батерии, еден фото апарат со црна торба, седум мемориски картици и полнач за телефон, плоча од радио со ЦД, радио касетофон и далечински управувач за истиот.

Со овие пресуди, обвинетите задолжени се на име надомест на штета да платат парични средства во вкупен износ од 18.300,00 денари.

## 10.Жалби

Обвинителството за гонење на организиран криминал и корупцијата против пресудите на надлежните судови, во 2009 година поднесе жалби за вкупно 103 обвинети лица и тоа за 22 лица поради одлуката за казна и за 81 обвинети лица од други причини. Наоѓаме за потребно да напоменеме дека од овие 81 обвинети лица за кое жалбата е поднесена од други причини за 70 од нив покрај од други причини, жалба е поднесена и поради висината на казната. Во 2008 година поднесени се жалби за 17 лица, а во 2007 година биле поднесени жалби за 56 лица. Споредено со претходните 2008 и 2007 година, бројот на поднесени жалби во 2009 година е зголемен и тоа во однос на 2008 година за 65 лица повеќе, односно за 4,8 пати повеќе, а во однос на 2007 година за 26 лица повеќе, односно за 46% повеќе. Очигледно е дека на овој начин Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција влијае на заострувањето на казнената политика на судовите.

## В. - СТРУКТУРА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА И ВИД НА ОДЛУКИ

Во текот на 2009 година, според структурата на кривични дела донесени се следните одлуки:
- За кривично дело - Убиство од чл.123 од КЗ кривичните пријави против две лица се отстапени на надлежност, поднесени се обвиненија против пет лица.

- За кривично дело Грабнување од чл.141 од КЗ, кривичната пријава против едно лице е отстапена на надлежност, донесена е осудителна пресуда против пет лица,и донесена е второстепена пресуда за едно лице со која е потврдена првостепената,

- за кривично дело Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување од чл.142 од КЗ поднесено е барање за спроведување истрага против три лица,

- за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ кривичните пријави против осум лица се отстапени на надлежност, поднесени се барања за спроведување истрага против 49 лица,дадена е изјава за откажување од гонење за две лица, поднесени се обвиненија против 43 лица, донесени се 51 првостепени пресуди, од кои за 50 лица осудителни, а за едно лица ослободителна и донесени се второстепени пресуди за 27 лица од кои за 22 лица првостепената пресуда е потврдена, а за пет лица е укината, Врховниот суд на Република Македонија за едно лице ги укинал пресудите на првостепениот и второстепениот суд,

- за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ и кривично дело Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или раскрскувачки материи од чл.396 од КЗ за три лица кривичните пријави се отстапени на надлежност, а за 11 лица е поднесено барање за спроведување истрага,

- за кривично дело - Разбојништво од чл.237 од КЗ против три лица е поднесено барање за спроведување истрага, а против едно лице е поднесен обвинителен акт,

- за кривични дела - Разбојништво од чл.237 од КЗ, Предизвикување општа опасност од чл.288 од КЗ и Тешки дела против општата сигурност од чл.292 од КЗ поднесени се барања за спроведување на истрага против четири лица и обвинителен акт против три лица,

- за кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ кривичните пријави против три лица се отстапени на надлежност, поднесени се барања за спроведување истрага против 13 лица, за едно лице е дадена изјава за откажување од гонење, поднесени се обвиненија против десет лица, за три лица е донесена првостепена осудителна пресуда, за три лица е донесена второстепена пресуда и тоа за две лица првостепената пресуда е укината, а за едно лице е потврдена,

- за кривично дело - Даночно затајување од чл.279 од КЗ кривичната пријава против едно лице е отстапена на надлежност, а против три лица се поднесени барања за спроведување на истрага,

- за кривично дело - Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ донесена е првостепена осудителна пресуда за шест лица,

- за кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ за девет лица поднесени се барања за собирање на потребни известувања, за едно лице е донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, за 115 лица кривичните пријави се отстапени на надлежност, поднесени се барања за спроведување истрага против 48 лица, за две лица е дадена изјава за откажување од гонење, против 26 лица се поднесени обвиненија, донесени се првостепени пресуди за шест лица, од кои за пет лица осудителни, а за едно лице ослободителна, донесени се второстепени пресуди за девет лица, од кои за две лица пресудата на првостепениот суд е потврдена, а за седум лица укината, Врховниот суд на Република Македонија донел пресуди за седум лица, од кои за две лица се потврдени пресудите, а за пет лица укинати. Треба да се нагласи дека големиот број на отстапени кривични пријави на надлежност за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ се должи на ставот на Јавното обвинителство на Република Македонија завземен на Седницата на стручниот колегиум од 13.10.2008 година според кој само непосредниот располагач со државните средства одговара за кривичното дело од чл.353 ст.5 од Кривичниот законик. Имајќи го предвид овој став, основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Јавното обвинителство на Република Македонија поднесе повеќе барања за судир на надлежност, кои беа уважени, по што предметите беа отстапени на место надлежните Основни јавни обвинителства,

- за кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овалстување од чл.353 од КЗ и Оштетување или повластување на доверители од чл.257 од КЗ против три лица се поднесени барања за спроведување истрага,

- за кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овалстување од чл.353 од КЗ и кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ против две лица се поднесени барања за спроведување истрага и против две лица се поднесени обвиненија,

- за кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ , Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ и Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ поднесени се барања за спроведување истрага против пет лица,
- за кривичното дело Примање поткуп од чл.357 од КЗ поднесени се барања за спроведување истрага против две лица, обвиненија против шест лица, донесени се првостепени пресуди за шест лица, сите осудителни, донесени се второстепени пресуди за осум лица, од кои за три лица пресудата е потврдена, а за пет лица укината,

- за кривичните дела Примање поткуп од чл.357 од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ поднесено е барање за спроведување на истрага против едно лице, поднесен е обвинителен акт против едно лице и донесена е првостепена осудителна пресуда против едно лице,

- за кривичното дело - Давање поткуп од чл.358 од КЗ поднесен е обвинителен акт против едно лице,

- за кривичното дело - Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ поднесено е барање за спроведување истрага против шест лица, поднесени се обвиненија против шест лица, донесени се првостепени осудителни пресуди против пет лица и второстепени пресуди за четири лица со кои се потврдени првостепените пресуди,

- за кривичните дела - Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ и Примање поткуп од чл.357 од КЗ поднесени се барања за спроведување истрага против две лица,

- за кривичните дела - Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Повреда на авторско право и сродни права од чл.157 од КЗ и кривичните дела од чл.59 и 60 од Законот за акцизи поднесени се обвиненија против 30 лица,

- за кривичните дела - Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Изнуда од чл.258 од КЗ поднесени се барања за спроведување истрага против седум лица, за 16 лица се донесени првостепени пресуди, од кои за 11 лица осудителни, а за пет лица ослободителни, за 19 лица се донесени второстепени пресуди, од кои за 13 лица првостепените пресуди се потврдени, а за шест лица се укинати, донесена е пресуда од Врховниот суд на Република Македонија за едно лице со која се потврдени пресудите на првостепениот и второстепениот суд,

- за кривични дела Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ поднесено е барање за спроведување истрага против едно лице,

- за кривични дела Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и Примање поткуп од чл.357 од КЗ поднесени се барања за спроведување истрага против 58 лица и обвиненија против 54 лица,

- за кривични дела Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Фалсификување знаци за обележување стоки, мери и тегови од чл.272 од КЗ, Недозволено производство од чл.276 од КЗ и Неовластена употреба на туѓа фирма од чл.285 поднесени се барања за спроведување истрага против осум лица,

- за кривично дело - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ против пет лица поднесено е барање за спроведување истрага, а по завршувањето на истрагата предметот е остапен на надлежно постапување се отстапени на надлежност, а против пет лица се поднесени барања за спроведување истрага,

- за кривични дела - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ и чл.59 и 60 од Законот за акцизи за едно лице е донесена првостепена осудителна пресуда, која е потврдена од второстепениот суд,

- за кривично дело - Трговија со луѓе од чл.418-а од КЗ за две лица се донесени второстепени пресуди, со кои се потврдени првостепените пресуди,

- за кривично дело - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ за две лица се поднесени барања за собирање потребни известувања, за четири лица се донесени решенија за отфрлање на кривичните пријави, против 29 лица се поднесени барања за спроведување истрага, против 30 лица се поднесени обвиненија, за 21 лице се донесени првостепени осудителни пресуди за 17 лица се донесени второстепени пресуди, од кои за 13 лица се потврдени првостепените пресуди, за две лица првостепените пресуди се преиначени и за две лица се укинати,

- за кривични дела - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ и Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ против едно лице е поднесен обвинителен акт,

- за кривични дела - Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ и Организирање на група и поттикнување на извршување на делата Трговија со луѓе, Трговија со малолетно лице и Криумчарење мигранти од чл.418-в од КЗ за едно лице е донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, против 22 лица се поднесени барања за спроведување истрага, за три лица се дадени изјави за откажување од гонење, против 13 лица се поднесени обвиненија, за 34 лица се донесени првостепени пресуди, од кои за 33 лица осудителни, а за едно лице ослободителна, донесени се второстепени пресуди за 35 лица, од кои за 32 лица првостепените пресуди се потврдени, за две лица преиначени, а за едно лице првостепената пресуда е укината. Врховниот суд на Република Македонија донел пресуда за четири лица, со која ги потврдил првостепените и второстепените пресуди,

- за кривично дело Организирање на група и поттикнување на извршување на делата Трговија со луѓе, Трговија со малолетно лице и Криумчарење

мигранти од чл.418-в од КЗ, за две лица донесени се решенија за отфрлање на кривичните пријави, против едно лице е поднесено барање за спроведување истрага, за едно лице е дадена изјава за откажување од гонење, против 23 лица се поднесени обвиненија, за пет лица се донесени првостепени пресуди, од кои за едно лице осудителна, а за четири лица ослободителна и за пет лица се донесени второстепени пресуди со кои се потврдени пресудите на првостепениот суд,

- за кривично дело - Трговија со малолетно лице од чл.418-г од КЗ за едно лице е поднесено барање за собирање потребни известувања, против 11 лица се поднесени барања за спроведување на истрага, за десет лица се донесени второстепени пресуди со кои се потврдени пресудите на првостепениот суд, Врховниот суд на Република Македонија донел пресуди за три лица со кои ги потврдил пресудите на првостепениот и второстепениот суд.
- за кривично дело - Помагање на сторител по извршено кривично дело од чл.365 од КЗ, кривичната пријава за едно лице е отстапена на надлежност,
- за кривично дело од чл.59 и 60 од Законот за акцизи кривичните пријави за осум лица се отстапени на надлежност.

Структурата на кривичните дела по кои постапуваше Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и видот на одлуки кои се донесени во текот на 2009 година, е видна од следниот табеларен преглед:

| член од КЗ | П.И | Решение за отфрлање | Отстап на надлеж | Истрага | Изјава за откаж. од гон. | Обвин. акт | Првост. пресуда | Жалба | Второст. пресуда | пресуда на Врховен суд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 123 | | | 2 | | | 5 | | | | |
| 141 | | | 1 | | | | 5 | 1 | 1 | |
| 142 | | | | 3 | | | | | | |
| 215 | | | 8 | 49 | 2 | 43 | 51 | 6 | 27 | 1 |
| 215<br>396 | | | 3 | 11 | | | | | | |
| 237 | | | | 3 | | 1 | | | | |
| 237<br>292<br>288 | | | | 4 | | 3 | | | | |
| 273 | | | 3 | 13 | 1 | 10 | 3 | | 3 | |
| 279 | | | 1 | 3 | | | | | | |
| 313 | | | | | | | 6 | | | |
| 353 | 9 | 1 | 115 | 48 | 2 | 26 | 6 | 70 | 9 | 7 |
| 353<br>257 | | | | 3 | | | | | | |
| 353<br>273 | | | | 2 | | 2 | | | | |
| 353<br>273<br>394 | | | | 5 | | | | | | |
| 357 | | | | 2 | | 6 | 6 | 6 | 8 | |
| 357<br>396 | | | | 1 | | 1 | 1 | | | |
| 358 | | | | | | 1 | | | | |
| 359 | | | | 6 | | 6 | 5 | 3 | 4 | |
| 359<br>357 | | | | 2 | | | | | | |
| 394 | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **157<br>59<br>60** | | | | | | **30** | | | | |
| **394<br>258** | | | | **7** | | | **16** | **6** | **19** | **1** |
| **394<br>273** | | | | **1** | | | | | | |
| **394<br>357** | | | | **58** | | **54** | | | | |
| **394<br>276<br>272<br>284** | | | | **8** | | | | | | |
| **396** | | | **5** | **5** | | | | | | |
| **396<br>59и<br>60** | | | | | | | **1** | | **1** | |
| **418-а** | | | | | | | | | **2** | |
| **418-б** | **2** | **4** | | **29** | | **30** | **21** | **2** | **17** | |
| **418-б<br>396** | | | | | | **1** | | | | |
| **418-б<br>418-в** | | **1** | | **22** | **3** | **13** | **34** | **5** | **35** | **4** |
| **418-в** | | **2** | | **1** | **1** | **23** | **5** | **4** | **5** | |
| **418-г** | **1** | | | **11** | | | | | **10** | **3** |
| **365** | | | **1** | | | | | | | |
| **59 и<br>60** | | | **8** | | | | | | | |

Од изнесените податоци евидентно е дека во текот на 2009 година, во однос на претходните години има тенденција на значително зголемување на бројот на извршените кривични дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, откриени се и процесуирани неколку организирани криминални групи чии припадници во најголем број случаи се овластени службени лица кои се обвинети за извршување на кривичното дело Примање поткуп одчл.357 од КЗ, додека за останатите кривични дела бројот на откриените сторители со мали отстапувања не се разликува од оној во претходниот период.

Во наредниот период Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ќе продолжи со активното учество во предистражната постапка уште во откривачката фаза. Нашите очекувања се дека ќе продолжи трендот на пораст на кривичните дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ, кривичните дела од главата против човечноста и меѓународното право, особено кривичното дело Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, но фокусот на вниманието на ова обвинителство и понатаму ќе бидат коруптивните кривични дела, меѓу кои секако спаѓа и Злоупотребата на службената положба и овластување извршени од страна, како на поранешни, така и на сегашни носители на јавни функции.

## Г. - СОРАБОТКА СО ДРУГИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Основното јавно обвинителството за гонење на организиран криминал и корупцијата, согласно утврдената Програма за работа,ја продолжи воспоставената тесна соработка со органите надлежни за откривање на сторителите на кривичните дела и тоа со Одделот за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи со Финансиската полиција при Министерството за финансии со Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам, со Управата за јавни приходи, со Царинската управа, како и со Државната комисија за спречување на корупцијата. По конкретни предмети, под раководство и координација на Основното јавно обвинителството за гонење на организиран криминал и корупцијата, беа одржувани состаноци на кои присуствуваа претставници од наведените институции на кои им беа давани упатства и насоки за натамошното постапување. Претставник на ова обвинителство редовно присуствува на состаноците кои ги организира Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам, а воедно е и член на советодавното тело на Владата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Особено треба да се издвојат активностите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во процесот на создавање на национална база на разузнавачки податоци чие формирање ќе биде од особена важност за идната работата на обвинителство.

## Д. - МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Основното јавно обвинителството за гонење на организиран криминал и корупцијата, беше активно вклучено во сите активности кои се преземаа по потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу Јавното обвинителство на Република Македонија, Генералното обвинителство на Република Албанија, Јавното обвинителство на Босна и Херцеговина, Јавното обвинителство на Република Хрватска, Јавното обвинителство на Република Србија и Главното државно обвинителство на Република Црна Гора за регионална соработка против организираниот криминал. Согласно чл.3 од овој Меморандум воспоставена е национална контакт точка чија обврска е директно да комуницира со контактните точки од другите обвинителства, а тоа е Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата. Во врска со практичното имплементирање на Меморандумот, значајна соработка се остварува со државите потписнички и во конкретни предмети се обезбедува меѓународна правна помош, преку непосредна комуникација. Во текот на 2009 година беа одржани состаноци на оваа мрежа на јавни обвинители во Стразбург во текот на јануари и Загреб во текот на октомври, на кои се разгледуваа прашањата за соработка со другите мрежи на јавни обвинители и другите меѓународни организации, како и за имплементацијата на одредбите на Вториот дополнителен протокол на Конвенцијата за меѓународна правна помош во кривичната материја, особено во делот на функционирањето на заедничките истражни тимови и прекуграничните истраги. Во текот на ноември 2009 година на состанокот одржан во Стразбург - Франција беа изготвени амандмани на меморандумот за разбирање во функција на олеснување на контактите помеѓу

јавните обвинителства и зголемување на ефикасноста на постапувањето во случај на постоење на меѓународни криминални групи. Вака изменетиот Меморандум треба да биде усвоен и потпишан од страна на државните јавни обвинители на Република Македонија, Република Албанија, Република Босна и Херцеговина, Република Хрватска, Република Србија и Република Црна Гора на состанокот кој на 25 јануари 2010 година ќе се одржи во Рим - Република Италија.

Исклучително е значајна улогата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупцијата во активностите на советодавната јавнообвинителска група на земјите од Југоисточна Европа во која членуваат претставници на јавните обвинителства од 12 земји од регионот и тоа покрај Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Молдавија, Романија, Словенија, Србија, Црна Гора, Турција и Хрватска. Во текот на 2009 година, јавните обвинители од ова јавно обвинителство, во рамките на мрежата СЕЕПАГ, остварија соработка и поврзување со јавните обвинителства на земјите од Југоисточна Европа и учествуваа на состаноците на СЕЕПАГ, во кои зедоа активно учество со свои презентации.

Во текот на 2009 година активно се **спроведуваше Твининг проектот за борба против организираниот криминал и корупцијата**, финансиран од Европската агенција за реконструкција, а во организација на Министерството за правда на Р.Италија и Националното биро за борба против мафијата на Р.Италија. Овој проект кој беше оценет како најуспешен твининг проект во регионот и беше предвидено да трае две години, заклучно со декември 2008 година, но е продолжен за уште шест месеци и заврши во текот на јуни 2009 година. Во рамките на реализацијата на овој проект Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција оствари интензивни контакти со претставниците од Министерство за правдана Италија и Националното Биро за борба против мафијата на Република Италија, а во текот на 2009 година беа организирани три семинари на тема: Специјални истражни мерки, Организација на јавното обвинителство согласно новините на Законот за кривична постапка и Управување со кривичните постапки против организиран криминал, на кои присуствуваа јавните обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и судии од Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје1, припадници на Одделот за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи и претставници на другите јавни обвинителства, Финансиската полиција, Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, како и други релевантни институции од Република Македонија. Значајно е да се напомене дека преку овој твининг проект беа обезбедени експерти од Република Италија кои учествуваа во работата на седниците на Комисијата која го изготвуваше текстот на новиот Закон за кривичната постапка и кои со своите предлози влијаеа на подобрување на текстот на Законот.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција има претставници и во меѓународните проекти ILECUS и UNODS за борба против трговијата со дрога.

## *VI. ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА*

Новиот Закон за јавно обвинителство ја поставува организационата структура на Јавното обвинителство како Јавно обвинителство на Република Македонија, виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и основни јавни обвинителства.

Согласно овој закон, во Република Македонија се предвидени и се основани 22 основни јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, 4 виши јавни обвинителства и тоа во Битола, Гостивар, Скопје и Штип, за подрачјата на соодветните апелациони судови и Јавно обвинителство на Република Македонија.

Имајќи ја предвид стварната надлежност, основните јавни обвинителства се делат на обвинителства со основна и на јавни обвинителства со проширена надлежност.

Во групата на основни јавни обвинителства со основна надлежност влегуваат основните јавни обвинителства во Берово, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Крива Паланка, Радовиш, Ресен и Свети Николе.

Во групата основни јавни обвинителства со проширена надлежност се основните јавни обвинителства во Битола, Велес, Гостивар, Кочани, Куманово, Прилеп, Охрид, Тетово, Скопје, Струга, Струмица и Штип.

Новина во овој закон е формирањето на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, наместо досегашното Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата , кое беше во состав на Јавното обвинителство на Република Македонија.

### 1. Кадровска состојба

Согласно Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства , донесена од страна на Советот на јавни обвинители, предвидениот број на јавни обвинители изнесува вкупно 229. Бројот на пополнетите места изнесува 200, а бројот на непополнетите обвинителски места изнесува 22, од нив 6 обвинителски места се наоѓаат во мирување согласно законот.

Состојбата со пополнетите и непополнетите јавно обвинителски места согласно одлуката е следна:

| Утврден број на јавни обвинители | | Пополнети | % | Непополнети |
|---|---|---|---|---|
| **ЈОРМ** | 12 | 11 | 91,66 | 1 |
| **ВЈО СКОПЈЕ и ОЈО** | 110 | 102 | 92,72 | 8 |
| **ВЈО БИТОЛА и ОЈО** | 36 | 34 | 94,44 | 2 |
| **ВЈО ГОСТИВАР и ОЈО** | 19 | 17 | 89,47 | 2 |
| **ВЈО ШТИП и ОЈО** | 32 | 28 | 87,5 | 4 |
| **ВКУПНО:** | 209 | 192 | 91,86 | 17 |

Согласно одлуката вкупниот број на предвидени места во Јавното обвинителство на Република Македонија изнесува 12 од кои едно е непотполнето.

Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција според одлуката треба да има 13 јавни обвинители од кои пополнети се 8 а за останатите постапката по завршен оглас е во тек.

За одбележување е тоа што во 2009 година за првпат се изврши избор на 11 јавни обвинители, во основните јавни обвинитества од редот на првата генерација кандидати кои ја завшија успешно обуката во Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Согласно чл.95 од Законот за јавно обвинителство и одлуката на Советот на јавни обвинители од 2010 година, од непополнетите 15 јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства, 13 места ќе се пополнат со кандидати од втората генерација која ја завршија во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во голем број на јавни обвинителства присутен е проблемот и има потешкотии со вработување односно пополнување на работните места за советници, соработници и приправници, административен и технички персонал.

Имајќи го во предвид Правилникот за организација и систематизација во Јавното обвинителство за бројот на извршители, евидентно е дека речиси повеќе од половината (70 места) од вкупно предвидените 121 работни места за советници, соработници и приправници и тоа само од правна струка во јавните обинителства не се пополнети. Анализираните податоци укажуваат на особено голем број на непополнети места во ОЈО Скопје, како и тоа дека во ниту едно јавно обвинителство во Република Македонија во последните години нема вработување на нови приправници.

Процентуалниот однос на предвидените со пополнети советнички места е даден во подолу прикажаната илустрација:




Имајќи ја во предвид организационата структура на јавното обвинителство на графиконот подолу е преставен споредбениот приказ на односот на предвидени места за советници, соработници и приправници од правна струка и непополнети работни места.




| | Основни јавни обвинителства | Виши јавни обвинителства | Јавно обвинителство на РМ |
|---|---|---|---|
| предвидени места | 81 | 13 | 6 |
| пополнети места | 42 | 8 | 1 |

И во поглед на пополнетоста и застапеноста на работни места на административни службеници стои истата констатација дека најголемиот број од овие работни места не се пополнети во повеќето основни јавни обвинителства.

Во врска со состојбата со човечки ресурси во оваа група забелешка е непостоење на стручно лице за односи со јавноста. Постои недостаток а истовремено и неопходност од лица од областа на информатичката технологија и тоа во сите обвинителства. Тука, посебно треба да се нагласи потребата од редовно обучување и доедуцирање на постоечките човечки ресурси во оваа област.

Забележителен е проблемот од недостиг на администрација, бидејќи еден вработен истовремено работи задачи и на уписничар, сметководител, технички секретар и доставувач.

Преку наредната илустрација е даден збирен приказ на состојбата кај администрацијата во поглед на предвидени и непополнети работни места изразена во проценти во сите јавни обвинителства.




И во поглед на техничкиот персонал општа забелешка е дека постои недостаток од возачи курири и хигиеничари. Кај оваа група на работни места нема многу непополнети места. Сепак, од особено значење е да се истакне дека предвидениот број на овие работни места во сите јавни обвинителства е недоволен.

## 2. Просторни капацитети, опрема и материјални услови за работа на јавните обвинителства

Од особена важност и значење за успешно работење на јавните обвинителства е и состојбата со моменталните просторни капацитети на јавните обвинителства. Ова особено во насока на воведување на новите институтите во кои се предвидуваат со измените на ЗКП и преминувањето на истрагата во надлежност на јавното обвинителство кои неопходно ја наметнуваат потребата од соодветен простор.

Очигледно е дека состојбата во која сега се наоѓаат најголемиот број јавни обвинителства во поглед на нивното просторно сместување е проблематична и од аспект на недоволен простор, но исто така и од аспект на немање сопствен простор.

По однос на сопственоста на објектите мора да се нагласи дека најголем број од просторните капацитети во кои се сместени јавните обвинителства се наоѓаат во зградите на соодветните основни односно апелациони судови. Незначителен дел од јавните обвинителства плаќаат закуп, а во најмал број случаи или поточно само три јавни обвинителства се сместени во сопствени простории.

Во однос на опремата може да се каже дека јавните обвинителства во последните години главно со подршка на странски донации, се релативно добро опремени. Треба да се истакне дека дел од опремата на јавните обвинителства ја обезбеди Министерството за правда. Во оваа насока, во последните години во јавните обвинителства се вложиле доста средства за опремување со канцелариски мебел и друга опрема.

Речиси сите обвинителства во доволна мера се соодветно опремени со канцелариски намештај, компјутери, печатари и друга опрема. Сепак постои значајни недостатоци кои се утврдени и присутни а кои можат да се групираат во неколку точки:

- во јавните обвинителства постојат доволно компјутери, но тие главно служат како машини за пишување. Причина за ова е фактот што јавните обвинителства не се мрежно поврзани, ниту имаат софтвер за да можат електронски да ги заведуваат предметите.

- најголем број јавни обвинителства немаат пристап до интернет, па оттука нема можност за електронско пребарување на информации кои би биле од корист за нивната работа, нема пристап до законите во електронска форма, ниту пак постои можност обвинителствата да контактираат и соработуваат по електронски пат меѓусебно или со други институции.

- скоро во сите поголеми јавни обвинителства постојат мрежни печатари но во еден дел од овие обвинителства тие не се воопшто инсталирани и не се користат поради недостаток од средства за нивно поврзување;

- состојбата за возилата во јавните обвинителства е загрижувачка. Некои поголеми јавни обвинителства воопшто немаат возило, или имаат возила кои не се во употреба и нема средства за нивна поправка.

- во јавните обвинителства недостасува стручна литература. Постоечката литература е од постар датум и во голем дел неупотреблива, заради настанатите измени во законите во последните десетина години. Заради ова, обезбедувањето на електронски пристап до Службен весник, за сите јавни обвинителства во значителна мерка би ја подобрила состојбата. Ова особено е што во јавните обвинителства вклучувајќи ги и поголемните со проширена надлежност се добива само по еден примерок Службен весник кој е премалку за да можат сите јавни обвинители навремено да се запознаат со измените во законските и подзаконските акти.

- во сите јавни обвинителства недостасува едукација од областа на информатичката технологија, а во некои јавни обвинителства, има јавни обвинители на кои им е неопходна и обука за користење на компјутери.

Средствата за работење на јавните обвинителства се определени по вид и висина во буџетот на Република Македонија. Тие средства се определени и дадени како на една јавно обвинителска организација. Иако овој буџет се проектира согласно потребите на секое јавно обвинителство поодделно, досегашните проекции и дадените средства се недоволни за обавување на функцијата.

Без да се прави било какво генерализирање, на овој сегмент, неопходно е да се нагласи дека буџетот на јавните обвинителства е

недоволен. Треба да се има предвид дека со преминувањето на истрагата во надлежност на јавниот обвинител, јавните обвинителства ќе треба да се доопремат за што неопходни се поголеми трошоци.

Буџетот на Јавното обвинителство на Република Македонија и сите негови единки корисници, во 2010 во однос на 2009 е намален за околу 37%, што претставува голем недостиг на средства кој би го довел во прашање функционирањето на органот. Ова посебно е значајно ако се земе во предвид и формирањето на новото Вишо јавно обвинителство Гостивар и Советот на јавните обвинители кои се технички недоволно опремени и средствата за нивното тековно функционирање се дополнително оптеретување на и онака намалениот буџет на вкупно ниво.

## *З А К Л У Ч О Ц И*

Споредувајќи ги статистичките податоци за предметното работење на Јавното обвинителство на РМ и текстуалните извештаи за Вишите јавни обвинителства, може да се заклучи дека во извештајната година е обезбедено висок степен на ажурност, стручност и квалитет во постапувањето по предметите, посебно е манифестиран висок степен на ажурност во второстепеното постапување на вишите јавни обвинителства.

Обемот на пријавениот криминал бележи стапка на намалување за вкупно 385 лица или за 1,2% во однос на претходната 2008 година, со тоа што бројот на новоподнесените кривични пријави против полнолетни сторители на кривични дела во текот на 2009 година бележи зголемување за 887 лица, односно за 4,39%, додека намалување на пријавените сторители е присутно кај малолетниците за 74 лица или за 3% и кај непознатите сторители за 1.198 лица или за 8,02%.

Во текот на годината основните јавни обвинителства решиле пријави против 19.152 лица или 72,3%, нерешени останале пријави против 7.329 лица или 27,7%, по кои обвинителствата постапуваат и бараат одредени проверки за наводите во кривичните пријави од други органи.

Бројот на отфрлените кривични пријави е застапен со 24,8% кој е идентичен со претходната година. Најголем број на отфрлени кривични пријави се евидентира во Основното јавно обвинителство Ресен 42,5%, Основно јавно обвинителство Кичево со 38,48% и Основното јавно обвинителство Битола со 37,4%.

Скоро е идентичен бројот на осудителните пресуди од 91% во 2008 година на 90,7% во 2009 година.

Разгледувајќи ги сите извештаи, во наредниот период е неопходно да се обрне внимание на користење на правните институти од Законот за кривична постапка за забрзување на постапката, особено во делот за поднесување предлог за донесување на пресуда без главен претрес, како и примена на членовите 144, 145 и 146 од Законот за кривична постапка.

Во јавните обвинителства во Република Македонија забележлив е недостаток од човечки ресурси, не само кај носителите на јавно обвинителската функција (јавни обвинители, советници, соработници и приправници), туку и кај останатите групи - административно стручни работници и технички помошен персонал.

Во однос на објектите карактеристично е што најголем број на јавни обвинителства немаат сопствен простор, туку користат простор на основните судови или други институции со право на користење, а тој простор е речиси секаде недоволен. Карактеристично е Основното јавно обвинителство во Скопје кое што за просторот за кој е сместено се плаќа висока закупнина. За надминување на овој проблем, потребно е Министерството за правда да покрене постапка за обезбедување соодветен простор за ова јавно обвинителство, а исто така постои неопходна потреба од обезбедување на посебен и соодветен простор и за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

За решавање на овој проблем во текот на 2009 година беше започната постапка за изработка на идеен проект за изградба на посебна зграда на локација покрај кејот на реката Вардар а позади зградата за опера и балет, во која би биле сместени Основното јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишото јавно обвинителство Скопје и Јавното обвинителство на Република Македонија.

Јавните обвинителства, според сегашната надлежност се релативно добро опремени со мебел и компјутерска техника, но постои недостаток од вмрежување на јавните обвинителства, пристап до интернет, обезбедување возила и литература.

*Март, 2010 година*

*С к о п ј е*

***ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***Љупчо Шврговски***